
СТРАТЕГИЈА ЗА КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ НА ОПШТИНА БОГДАНЦИ

2026-2033



Declaimer
This document was prepared with funds of the Austrian Development Agency (ADA) and the Swedish International Development Agency (Sida) in the framework of the project Gender Budget Watchdog Network II. The Austrian Development Agency (ADA), the operational unit of Austrian Development Cooperation, is the contractual partner supporting this project.
The content of this document is solely the responsibility of the Association for development, education and ecological ethics - POLYMATH 13 and does not necessarily share or reflect the views and interpretations of the Center for research and policy making, the Austrian Development Agency and the Swedish International Development Agency.
Овој документ е подготвен со финансиска поддршка од Австриската агенција за развој (ADA) и Шведската меѓународна агенција за развој (Sida) во рамките на проектот Мрежа за родово одговорно буџетирање II. Австриската агенција за развој (АДА), оперативната единица на Австриската развојна соработка, е договорниот партнер кој го поддржува овој проект.
Содржината на овој документ е исклучиво одговорност на Здружението за развој, едуација и еколошка етика - ПОЛИМАТ 13 и не мора да ги споделува или одразува гледиштата и толкувањата на Центарот за истражување и креирање политики, Австриската агенција за развој и Шведската меѓународна агенција за развој.

Име на документ:	СТРАТЕГИЈА ЗА КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ ЗА ОПШТИНА БОГДАНЦИ, 2026-2033
Име на проект	Вклучување на родовите аспекти во локалните политики од областа на климатските промени и заштита на животната средина во општина Богданци
Нарачател:	ПОЛИМАТ 13 POLYMATH 13
	ПОЛИМАТ 13, Богданци
Изработил	Milieukontakt Macedonia
	Маја Марковска Петра Поп Ристова Ирина Главинческа

Contents

Contents 2
1. ВОВЕД 5
1.1. Процес на изработка и применета методологија 6
2. ЗАКОНСКА РАМКА 10
2.1. Меѓународна рамка на политики 10
2.2. Национална рамка на политики за ублажување на климатските промени 13
2.3. Законска основа за изработка на Стратегијата за управување со климатски промени 15
3. ЛИЧНА КАРТА НА ОПШТИНА БОГДАНЦИ 16
4. КЛИМАТСКИ ПРОФИЛ НА ОПШТИНА БОГДАНЦИ 19
4.1. Географска положба и големина 19
4.2. Геолошки карактеристики 20
4.3. Климатски карактеристики 21
4.4. Хидролошки карактеристики 21
4.5. Природни карактеристики 22
4.5.1. Земјоделство 22
4.5.2. Шумарство 24
4.6. Природно наследство 26
4.7. Културно-историско наследство и археолошки наоѓалишта 28
4.8.1. Културно-историски споменици 28
4.8.2. Археолошки наоѓалишта 29
4.8.3. Настани и манифестации 29
4.8. Демографски карактеристики 31
4.9. Економски карактеристики 31
4.10. Општинска инфраструктура 32
4.11.1. Сообраќајна инфраструктура 32
4.11.2. Комунална инфраструктура 33
4.11.3. Управување со отпад 35
5. АНАЛИЗА НА СОСТОЈБАТА 36
5.1. Климатски ризици во Општина Богданци 36
5.1.1. Зголемени температури 37
5.1.2. Почести суши 37
5.1.3. Недостаток на вода за наводнување 38
5.1.4. Зголемен ризик од пожари 38
5.1.5. Загрозување на земјоделското производство 38
5.2. Ранливи сектори 38

5.3. Врска меѓу климатските промени и родовата еднаквост 40
5.4. Влијание на климатските ризици врз жените и мажите – родова димензија..... 41
6. ВИЗИЈА НА ОПШТИНА БОГДАНЦИ 43
6.1. Конкретни цели за постигнување на визијата 43
7. ПРОЦЕС НА ЗЕЛЕНАТА АГЕНДА..... 45
7.1. Методологија на Зелена агенда 45
7.1.1. Зелена Агенда – Алатка за зачувување на вредностите на заедницата 45
7.1.2. Зелена Агенда - Локални ВРЕДНОСТИ 46
7.1.3. Зелена Агенда – Активно УЧЕСТВО на заедницата..... 46
7.1.4. Зелена Агенда - Заедничка СОПСТВЕНОСТ 47
7.1.5. Зелена Агенда – СТРАТЕГИЈА за управување со одржливиот развој на заедницата .. 47
7.1.6. Зелена Агенда - Главни ПРИДОБИВКИ 48
7.2. Мапирање на чинителите во заедницата 50
7.3. Вредности во заедницата 50
8. АНАЛИЗА НА СОСТОЈБАТА СО ВРЕДНОСТИТЕ ВО ЗАЕДНИЦАТА 51
8.1. Вредност 1: Локални земјоделски производи..... 51
8.2. Вредност 2: Водни ресурси 57
8.3. Вредност 3: Енергетски потенцијали..... 62
8.4. Вредност 4: Природно и културно наследство и туристички потенцијали 67
9. АНАЛИЗА НА РЕАЛИЗИРАНИ МЕРКИ ОД ПРЕТХОДНАТА СТРАТЕГИЈА 70
10. АКЦИСКИ ПЛАН..... 77
10.1. Локални земјоделски производи (Зеленчук) 77
10.2. Локални земјоделски производи (Овошје)..... 81
10.3. Локални земјоделски производи (Цветни насади)..... 87
10.4. Водни ресурси – Вода за пиење 90
10.5. Водни ресурси – Вода за наводнување 93
10.6. Водни ресурси – Привремени водотеци..... 96
10.7. Енергетски потенцијали - извор на енергија..... 101
10.8. Енергетски потенцијали - во функција на енергетската ефикасност 104
10.9. Културно и природно наследство и туристички потенцијали..... 108

ЛИСТА НА СЛИКИ

Слика 1. Мапа на РС Македонија, означена е општина Богданци 17
Слика 2. Мапа на општина Богданци.....18
Слика 3. Мапа на општина Богданци.....20
Слика 4. Заштитено растително подрачје Богданци.....27
Слика 5. Местоположба на локалитетот „Погана“ (врз основа од Google Earth, 2024).....28
Слика 6. Прегледна карта на државни патишта на територијата на општина Богданци 33

ЛИСТА НА ТАБЕЛИ

Табела 1. Основни податоци на општина Богданци 16
Табела 2. Земјоделски површини по категории на користење, во хектари, по општини, по години.....22
Табела 3. Број на овошни стебла и производство на овошје, по општини, по години.....23
Табела 4. Површини и производство на посеви, по општини, по години 23
Табела 5. Државна површина под шума - шуми според видови дрвја, по региони, по години 25
Табела 6. Активни деловни субјекти по сектори на дејност според НКД Рев.2, по општини, по години 2010-2020, состојба 31 декември.....31
Табела 7. Работни групи и учество на членови во нив 47
Табела 8. Карактеристики на функциите на вредноста Локални земјоделски производи.....54
Табела 9. Карактеристики на функциите на вредноста Водни ресурси.....59
Табела 10. Карактеристики на функциите на вредноста Енергетски потенцијали.....64
Табела 11. Карактеристики на функциите на вредноста природно и културно-историско наследство и туристичките потенцијали.....68

1. ВОВЕД

Климатските промени претставуваат еден од најзначајните глобални и локални предизвици на денешницата, со директни и индиректни влијанија врз животната средина, економскиот развој, јавното здравје и социјалната кохезија.

Според Светската метеоролошка организација, глобалната просечна температура во 2019 година била 1,1 °C над пред-индустрискиот период, додека просечните температури за петгодишниот (2015-2019) и десетгодишниот (2010-2019) период се највисоки забележани досега. Тековните меѓународни обврски не се доволни за да се намалат емисиите кои ја загадуваат климата и да се справат со зголемувањето на температурата, така што се проценува дека предвидените глобални емисии на стаклени гасови во 2030 година ќе бидат двојно поголеми отколку што треба да бидат за да се постигне глобалната цел.

Општина Богданци, како рурална и земјоделски ориентирана општина со значајни природни ресурси, е особено изложена на последиците од климатските промени, вклучително и зголемување на температурите, подолги сушни периоди, екстремни временски појави и притисоци врз водните и земјоделските ресурси.

Стратегијата за климатски промени на Општина Богданци има за цел да воспостави сеопфатна, одржлива и инклузивна рамка за ублажување на климатските промени и прилагодување кон нивните последици, преку интегрирање на климатските политики и принципите на родова еднаквост во локалното планирање, донесувањето одлуки и управувањето.

Оваа Стратегија е втора по ред и се однесува за периодот 2026-2033. Првата Стратегија за климатски промени на Општина Богданци беше изработена во рамки на проектот на УСАИД за Општински стратегии за климатски промени и се однесуваше за периодот од 2013-2020 година.

Оваа Стратегија всушност е продолжување на акциите за адаптација и митигација на климатските промени кои беа дефинирани во Стратегијата за климатски промени на општина Богданци за периодот од 2013-2020 година, односно ги ревидира мерките и акциите кои се реализирани, а они кои не се реализирани ги остава за следниот период, се разбора дополнети со нови мерки и акции предложени од локалното население.

Стратегијата е усогласена со националните политики и стратешки документи, како и со релевантните европски и меѓународни обврски во областа на климатската акција и одржливиот развој.

При изработката и имплементацијата на Стратегијата, посебно внимание беше посветено на родовите аспекти на климатските промени, имајќи предвид дека климатските ризици и капацитетите за справување со нив не се еднакво распределени

меѓу жените и мажите. Жените, особено во руралните средини, често имаат клучна улога во управувањето со домаќинствата, земјоделството, водата и енергијата, но истовремено се и поранливи на економските и социјалните последици од климатските шокови. Од друга страна, мажите се почесто вклучени во активности изложени на климатски ризици, како што се земјоделството, градежништвото и инфраструктурните работи.

Стратегијата го промовира принципот на родова еднаквост и инклузивност, преку обезбедување еднаков пристап на жените и мажите до информации, ресурси, учество во процесите на донесување одлуки и придобивките од климатските мерки. Интеграцијата на родовата перспектива придонесува кон поефикасни, поправедни и одржливи климатски политики, кои ги земаат предвид реалните потреби и потенцијали на целото локално население.

Со оваа Стратегија, Општина Богданци ја потврдува својата заложба за проактивно справување со климатските промени, зајакнување на локалната отпорност и унапредување на квалитетот на живот на сегашните и идните генерации, со целосно почитување на принципите на одржлив развој и родова еднаквост.

1.1. Процес на изработка и применета методологија

Стратегијата за климатски промени на Општина Богданци (2026-2033), е изработена преку методологијата на Зелена Агенда[1].

Зелена Агенда е партиципативен и демократски метод за развивање и имплементирање на локални стратегии и планови за одржлив развој со активно вклучување на различни сектори од локалната заедница каде процесот се спроведува.

Процесот е исклучителен и посебен во споредба со другите процеси кои имаат слични цели од три аспекти:

1. Процесот започнува со идентификувањето на локалните вредности наспроти проблемите;

[1] Концептот Зелена Агенда за прв пат е развиен во Романија од Milieukontakt International и локалното партнер здружение "Еко Центар". Успехот од стореното го убеди Mileukontakt дека овој метод е доволно моќна алатка за иницирање позитивни и трајни промени во местото во кое живееме, трансформирајќи го во подобро. Методот Зелена Агенда, во текот на неколку години, е развиен од Milieukontakt во различни земји (Романија, Хрватска, Молдавија и Русија, а од скоро почна да се применува и во Албанија, Босна и Херцеговина, Србија, Црна Гора, Косово, Македонија и Киргистан) и е сочинет од 14 чекори поделени низ 5 фази.
Идејата за имплементација на Зелена Агенда потекнува од Локлана агенда 21, која беше глобално преставена на конференцијата на Обединети Нации одржана во Рио Де Женеиро, 1992 година и преку Архуската Конвенција прифатена 1998 година која го гарантира правото за пристап до информации од областа на животната средина, учеството на јавноста во донесување на одлуки за животна средина и пристапот до правда за прашања поврзани со заштитата на животната средина.

.

2. Учеството во процесот не е лимитирано само на експерти и одредени чинители, туку е сеопфатен и отворен за сите; и

3. Самиот процес кој е резултат, како и резултатите кои произлегуваат од него се придобивка за локалното население.

Овој процес се користеше при изработка на претходната Стратегија за климатски промени за општина Богданци, за периодот од 2013-2020 година, беше добро прифатен од страна на локалното население и локалната власт, а дел од приоритетните мерки и активности беа спроведени во изминатиот период. Како позначајни проектни активности кои беа реализирани ќе ги спомнеме:

- Изолација на покривот на ЈОУДГ „Коста Поп Ристов Делчев“
- Изградба на нов резервоар за питка вода од 500 m^3

Поради овие причини беше искористена повторно истата методологија, со ревидирање на претходниот акционен план и со вклучување на родовите аспекти.

На Стратегијата и претходеа низа работилници кои се реализираа во втората половина на 2025 година.

Првата работилница во рамки на која се одржа обука за родова еднаквост, имаше за цел да ги зајакне знаењата и капацитетите на локалните чинители за интегрирање на родовата еднаквост и принципите на Зелената агенда во процесот на развој на новата Локална стратегија за климатски промени на општина Богданци и се состоеше од пет сесии, преку кои учесниците се запознаа со основните концепти на родова еднаквост и нејзината поврзаност со климатските политики; со методологијата на Зелената агенда; со анализата на стратегијата 2014–2020; анкетата за вредности, и дефинирање на работни групи кои ќе го водат процесот на подготовка на новата стратегија.

Втората работилница во рамки на која се одржа обука за родовата перспектива во стратешките планови и програми за животна средина и климатски промени на локално ниво, имаше за цел систематско и партиципативно идентификување на вредностите, проблемите и потенцијалите на Општина Богданци во контекст на климатските промени, како основа за изработка на новата Локална стратегија за климатски промени и се сосостоеше од пет сесии, преку кои учесниците се запознаа со резултатите од анкетата за локалните вредности и приоритети врз основа на кои формираа работни групи, како да направат анализа на животната средина и еколошките проблеми и да ги дефинираат функциите на природните ресурси и нивната улога во биодиверзитетот и климата, но и да ги идентификуваат главните климатски ранливости и да предложат потенцијални активности и мерки за митигација и адаптација.

Целта на третата работилница беше активно и партиципативно вклучување на локалните чинители во процесот на изработка на новата Локална стратегија за климатски промени. На работилницата учесниците усвоија заедничка визија и дефинираа стратешки приоритети врз основа на кои се изработи акционен план за климатска отпорност со родово сензитивни мерки.

Целта на четвртата работилница беше да се оцени реализацијата од Стратегијата за климатски промени 2013–2020, да се ажурираат и прилагодат активностите и да се идентификуваат реални и остварливи потреби за новата Стратегија (2026–2033), со активна вклученост на учесниците и со вклучување на родовите аспекти.

Работните групи беа составени од локалните засегнати страни - локални власти, локални бизнисмени, невладини организации и активните граѓани. Работата на работните групи се состоеше од неколку фази во кои членовите на работни состаноци правеа анализа на животната средина и анализа на еколошките проблеми, според своите приоритети, потреби и желби.

Како резултат на овој проект општина Богданци се здоби со процес кој го водеа самите граѓани одлучувајќи кои се нивните приоритети, стратегиски документ со акционен план за заштита и унапредување на главните вредности на животната средина со акцент на климатските промени и родовите перспективи, а е во согласност со потребите на самата општина.

Благодарност до членовите на работните групи кои покажаа максимална професионалност и посветеност во процесот на изработка на документот:

Име и презиме	Институција
Надица Маџирова	Координатор на проектот, ПОЛИМАТ 13 Богданци
Дејан Маџиров	ПОЛИМАТ 13 Богданци
Елеонора Трајкова	волонтер, ПОЛИМАТ 13 Богданци
Перо Иванов	волонтер, ПОЛИМАТ 13 Богданци
Магдалена Трајкова	бизнис сектор – Богданци
Анита Попова	ЗГ ЗРАК, Богданци
Александра Картелова	ЕКО-РОСАЛЕС, Богданци
Добрина Минева	ЕКО-РОСАЛЕС, Богданци

Бранко Сапламанев	ЈОУДК Бранд Петрушев, Богданци
Марија Гогова	бизнис сектор, Богданци
Фиданка Енџекчева	ООУ „Петар Мусев“, Богданци
Јованка Прошева	СОУ „Богданци“, Богданци
Миле Шапкарев	член на Совет на Општина Богданци
Борис Роглев	член на Совет на Општина Богданци
Љупчо Лулеџиев	ученик, Богданци
Марија Лулеџиева	бизнис сектор, Богданци
Елена Шутарова	член на Совет на Општина Богданци
Катерина Чрчева	ООУ „Петар Мусев“, Богданци
Кристина Прошева	Општина Богданци
Билјана Димова	Општина Богданци
Надица Коцева	бизнис сектор, Богданци
Вања Ивановска	Општина Богданци
Соња Маџирова	Општина Богданци
Анила Роглева	Совет на Општина Богданци
Милена П. Чавдарова	ПОЛИМАТ 13 Богданци

2. ЗАКОНСКА РАМКА

2.1. Меѓународна рамка на политики

UNFCCC – Рамковната конвенција на Обединетите нации за климатски промени[2] која има за цел да се стабилизира концентрацијата на стакленички гасови во атмосферата на ниво што ќе спречи опасно антропогено влијание врз климатскиот систем.

Конкретни цели на UNFCCC – Рамковната конвенција се:

- Намалување на емисиите на стакленички гасови (CO_2, CH_4, N_2O и други, со цел ублажување на климатските промени);
- Заштита на екосистемите (да им се овозможи на екосистемите природно да се приспособат на климатските промени).
- Обезбедување одржливо производство на храна (климатските промени да не ја загрозат безбедноста на храната).
- Одржлив економски развој (економскиот развој да продолжи на одржлив начин, без зголемување на климатските ризици).
- Поддршка на земјите во развој: финансиска, техничка и институционална поддршка за: адаптација, ублажување, трансфер на технологии, јакнење на капацитети.
- Меѓународна соработка и размена на информации: научни истражувања, мониторинг, едукација и јавна свест.

Парискиот договор[3] е меѓународен правно обврзувачки договор усвоен во 2015 година на COP21 во Париз, во рамки на UNFCCC. Тој претставува глобална рамка за борба против климатските промени, кој има за цел долгорочно ограничување на глобалното затоплување и зајакнување на отпорноста кон климатските промени.

Конкретни цели на Парискиот договор се:

- Ограничување на порастот на глобалната температура - да се задржи зголемувањето на температурата значително под 2 °C; и да се вложат напори за ограничување на 1.5 °C во споредба со прединдустрискиот период.
- Зајакнување на адаптацијата - подобрување на способноста за прилагодување на климатските промени; и зголемување на отпорноста на заедниците и екосистемите.
- Усогласување на финансиските текови со нискојаглероден и климатски отпорен развој - поттикнување инвестиции во зелени и одржливи проекти.

[2] РС Македонија ја ратификуваше UNFCCC Конвенцијата на 28.01.1998 година
[3] РС Македонија го ратификуваше Парискиот договор на 09.01.2018 година

- Национално утврдени придонеси (NDCs) - Секоја држава подготвува и редовно ажурира национални климатски планови, со зголемување на амбицијата на секои 5 години.
- Долгорочна декарбонизација - постигнување климатска неутралност (net-zero emissions) во втората половина на 21 век

РС Македонија се обврза во текот на првиот свој придонес (INDC) поднесен на 04.08.2015 година, да ги намали емисиите на CO_2 од согорување на фосилни горива за 30 %, односно за 36 % во однос на повисокото ниво на амбиција, до 2030 година во споредба со вообичаеното сценарио. Емисиите на јаглерод диоксид (CO_2) од согорувањето на фосилни горива покриваат скоро 80 % од вкупните емисии на стаклени гасови во земјата со доминантно учество во секторите: снабдување со енергија, згради и транспорт. Во ревидираниот придонес (eNDC) усвоен во април 2021, земјата ја зголеми својата амбиција да намали емисии на стаклени гасови во 2030та за 51 % во споредба со нивото во 1990та што ќе предизвика намалување на нето емисиите за 82 % во 2030 во споредба со нивото во 1990та.

Агендата 2030 за одржлив развој на Обединетите нации има за цел постигнување на одржлив развој, односно да се искорени сиромаштијата, да се заштити планетата и да се обезбеди благосостојба и мир за сите луѓе до 2030 година, преку реализирање на 17 меѓусебно поврзани цели (SDGs – Sustainable Development Goals).

- Цел 1: Свет без сиромаштија - да се стави крај на сиромаштијата во сите нејзини форми насекаде.
- Цел 2: Свет без глад – да се стави крај на гладувањето, да се постигне безбедност на храната и подобрување на исхраната и да се промовира одржливо земјоделство.
- Цел 3: Здравје и благосостојба - да се обезбеди здрав живот и да се промовира благосостојба за сите од секоја возраст.
- Цел 4: Квалитетно образование - да се обезбеди инклузивно и еднакво квалитетно образование и да се промовираат можностите за доживотно учење за сите.
- Цел 5: Родова рамноправност - да се постигне родова рамноправност и да се охрабрат жените и девојчињата.
- Цел 6: Чиста вода и санитација - да се обезбеди пристап до и одржливо управување со вода и санитарни услови за сите.
- Цел 7: Достапна и чиста енергија - да се обезбеди пристап до прифатлива, сигурна, одржлива и модерна енергија за сите.
- Цел 8: Достоинствена работа и економски раст - промовирање на инклузивен и одржлив економски раст, вработување и пристојна работа за сите.

- Цел 9: Индустрија, иновација и инфраструктура - изградба на прилагодлива инфраструктура, промовирање на одржлива индустријализација и поттикнување на иновации.
- Цел 10: Намалена нееднаквост - намалување на нееднаквоста во и меѓу земјите.
- Цел 11: Одржливи градови и заедници - остварување на инклузивни градови и населби, безбедни, прилагодливи и одржливи.
- Цел 12: Одговорна потрошувачка и производство - да се обезбеди одржлива потрошувачка и производство.
- Цел 13: Справување со климатски промени - да се преземат итни мерки за борба против климатските промени и нивното влијание.
- Цел 14: Живот под вода - да се зачуваат океаните, моријата и морските ресурси и да се обезбеди нивно одржливо користење со цел постигнување одржлив развој.
- Цел 15: Живот на копно - заштита, обновување и промовирање на одржливото користење на копнените екосистеми, одржливо управување со шумите, борба против опустинувањето и спречување на и повлекување на земјишната деградација и спречување на намалувањето на биоразновидноста.
- Цел 16: Мир, правда и силни институции - промоција на мирољубиви и инклузивни општества за одржлив развој, пристап до правда за сите и изградба на ефикасни, одговорни и инклузивни институции на сите нивоа.
- Цел 17: Партнерство за остварување на целите - зајакнување на средства за спроведување и ревитализација на глобалното партнерство за одржлив развој.

Европскиот зелен договор (EU Green Deal) има за цел Европската Унија да стане климатски неутрална до 2050 година, преку трансформација на економијата во одржлив, нискојаглероден и ресурсно ефикасен модел, кој обезбедува економски раст без деградација на животната средина.

Конкретни цели на Европскиот зелен договор се:

- Намалување на емисиите на стаклени гасови за најмалку 55 % до 2030;
- Транзиција кон чиста и обновлива енергија;
- Зелени и одржливи градови и инфраструктура;
- Одржливо земјоделство и храна (Farm to Fork);
- Циркуларна економија и управување со отпад;
- Заштита на биодиверзитетот и екосистемите;
- Чист транспорт и одржлива мобилност;
- Намалување на загадувањето на воздух, вода и почва;

- Праведна транзиција – обезбедување на работничките права и егзистенција кога економиите се свртуваат кон одржливо производство, првенствено борба против климатските промени и заштита на биолошката разновидност;

Зелена Агенда за Западен Балкан е инструмент за постигнување на Европскиот зелен договор во нашиот регион.

Зелената агенда за Западен Балкан се состои од 5 столба:

- Декарбонизација: климатска акција, зелена енергија и одржлив транспорт;
- Циркуларна економија;
- Борба против загадувањето;
- Одржливо производство на храна и одржливи рурални средини;
- Биодиверзитет: Заштита и реставрација на природата и екосистемите;

2.2. Национална рамка на политики за ублажување на климатските промени

- Законот за климатска акција е во завршна фаза на усвојување. Основни цели на овој закон се: придонес кон зголемување на напорите за зајакнување на глобалниот одговор кон заканата од климатските промени, согласно долгорочната цел на Договорот од Париз; воспоставување политики, планирање и преземање на административни мерки, неопходни за ублажување и адаптација кон климатските промени на економичен начин; воспоставување на правила со кои ќе се обезбеди ублажување на климатските промени како и нивно вклучување во секторските стратешки и плански документи и административни практики за адаптација кон негативните влијанија од климатските промени; намалување на емисиите на стаклени гасови со што ќе се избегнат негативните ефекти од климатските промени.
- Долгорочната стратегија за климатска акција со Акциски план (со визија до 2050 год.) го дефинира придонесот на РС Македонија кон глобалните напори, преку патот кон зелен, ниско јаглероден и климатски отпорен развој, заснован на најдобрите достапни информации и во контекст на пристапувањето на земјата кон ЕУ.
- Националниот план за енергија и клима (НПЕК) за периодот 2020-2030 год. има за цел на интегриран начин да ги планира своите политики, цели и мерки поврзани со клима и енергија во согласност со препораката 2018/1/MC-EnC од Советот на Енергетската заедница.
- Стратегијата за енергетски развој на РС Македонија до 2040 година го дефинира најпогодниот долгорочен развој на енергетскиот сектор во Републиката со цел да се обезбеди сигурно и квалитетно снабдување на потрошувачите со енергија.

- Законот за животна средина, чии цели се: зачувување, заштита, обновување и унапредување на квалитетот на животната средина; заштита на животот и на здравјето на луѓето; заштита на биолошката разновидност; рационално и одржливо користење на природните богатства и спроведување и унапредување на мерките за решавање на регионалните и на глобалните проблеми на животната средина, како што се и климатските промени.
- Законот за енергетика, каде една од целите е заштита на животната средина и ублажување на климатските промени од негативните влијанија при вршењето на енергетските дејности.
- Законот за енергетска ефикасност е во согласност со Директивата ЕУ/2012/27 за енергетска ефикасност и Директивата 2010/31/ЕУ за енергетска ефикасност на зградите; Регулативата за обележување на производи поврзани со енергијата 2010/30/ЕУ и Директивата 2009/125/ЕС за еко-дизајн на производи поврзани со енергија. Целта на овој закон е да се обезбеди намалување на енергетските потреби преку ефикасно користење на енергијата со примена на мерки за енергетска ефикасност; намалување на негативното влијание врз околината и ефикасност при производство, зголемување на енергетската ефикасност во областа на домувањето и градежништвото преку подобрување на енергетските карактеристики на зградите; зголемување на енергетската ефикасност во јавниот сектор, големите трговци, транспортниот сектор и производите кои користат енергија; и зголемување на енергетската ефикасност со искористување на обновливите извори на енергија.
- Националната стратегија за одржлив развој (2009-2030), има за цел одржлива интеграција на туризмот, шумарството, земјоделството и индустрискиот сектор со одржлива поддршка од енергетскиот сектор, инфраструктурата и секторот за транспорт.
- Националната стратегија за транспорт (2018-2030) има за цел развој на одржлив транспортен сектор, усогласен со начелата на добро владеење, почитувајќи го универзалното право на „мобилност“ при што ги вклучува најдобрите меѓународни пракси за својот понатамошен развој.
- Национална стратегија за земјоделство и рурален развој (2021-2027) има за цел модернизација и зголемување на земјоделското производство, подигање на квалитетот на македонските земјоделски производи, создавање услови за одржливо земјоделство со добри земјоделски практики за заштита и унапредување на животната средина и одржување на биодиверзитетот.
- Национална стратегија за води (2012-2042) е со главна цел за интегриран и координиран режим на водите на територијата на Република Македонија.

2.3. Законска основа за изработка на Стратегијата за управување со климатски промени

Согласно Предлог Законот за климатска акција, Министерството за животна средина и просторно планирање ја донесе Долгорочната стратегија за климатска акција на Република Северна Македонија со визија до 2050 година. МЖСПП во соработка со Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини го донесоа и Националниот план за енергија и клима (НПЕК). Покрај овие основни стратешки и плански национални документи, Законот за климатска акција вели дека единиците на локалната самоуправа се должни своите цели, планови и акции да ги прилагодуваат со националните стратешки цели од Стратегијата и Националниот план за енергија и Клима. Општините можат да развијат регионални секторски и плански документи за адаптација кон климатските промени согласно со овој закон.

Стратегијата за климатски промени на општина Богданци (2026-2033) е во согласност и со Европскиот зелен договор (EU Green Deal), односно Зелената агенда за Западен Балкан (ЗАЗБ) во делот на сите 5 столба, а особено во делот на Декарбонизација: климатска акција, зелена енергија; Одржливо производство на храна и одржливи рурални средини; и Биодиверзитет: Заштита и реставрација на природата и екосистемите.


Согласно Акцискиот План на ЗАЗБ до 2030 година, во столбот за декарбонирација предвидена е активност: Подготовка и спроведување на стратегии за прилагодување на климатските промени – планиран рок до 2028 год.

Стратегијата за климатски промени на општина Богданци (2026-2033) е во согласност и со целите за одржлив развој на Агендата 2030 за одржлив развој, особено со цел бр. 13: Справување со климатски промени - да се преземат итни мерки за борба против климатските промени и нивното влијание.


3. ЛИЧНА КАРТА НА ОПШТИНА БОГДАНЦИ

Табела 1. Основни податоци на општина Богданци

Единица на локална самоуправа	Општина Богданци
Година на основање	1996
Површина	114.54 km²
Вкупен број на жители	7.339
Демографски карактеристики:	
Полова застапеност	3.617 жени 3.722 мажи
Густина на населеност	76,02 жители/km²
Годишен прираст	-9.2 ‰
Број на домаќинства	2.611
Број на живеалишта	3.048
Број на населени места	4
Населени места	Богданци: 5.244 жители Стојаково: 1.451 жители Ѓавато: 389 жители Селемли: 255 жители
Главни дејности на населението	Текстилна индустрија, Сточарство, Земјоделство, Транспорт
Природни ресурси	Земјоделско земјиште, минерални богатства, обновливи извори на енергија
Вкупна стапка на емисија на јаглероден диоксид	12.806,88



Слика 1. Мапа на РС Македонија, означена е општина Богданци



Слика 2. Мапа на општина Богданци

4. КЛИМАТСКИ ПРОФИЛ НА ОПШТИНА БОГДАНЦИ

4.1. Географска положба и големина


Општина Богданци се протега во најисточниот дел на Република Северна Македонија, помеѓу 41°07` и 41°15` СГШ и 22°30` и 22°40` ИГД, и зафаќа површина од 114,54 km^2. На север се граничи со општина Валандово, на североисток и исток со општина Дојран, на југ и југоисток со Република Грција, додека на запад се граничи со општина Гевгелија.

Богданци е урбанистичко добро уредена населба со потребна инфраструктура, современо изградени згради, продавници и угостителски објекти.

Населбата Ѓавато (60.0 м.н.в) спрема бројот на жителите спаѓа во населби со средна големина. Се наоѓа во западната зона на територијата на Општината на левата страна на реката Вардар, чиј атар се допира со Општина Гевгелија. Селото е рамничарско и неговиот атар зафаќа површина од 1.381,6 ha, од кои под обработливо земјиште се 405,7 ha, на шуми отпаѓаат 591,9 ha, и на пасишта 174,1 ha. Главна активност во населбата е полјоделството, во него постои и училиште до четврто одделение, има амбуланта, земјоделска задруга, продавница и дом на културата.

Селемли е населба која се наоѓа на југоисточниот дел на Општина Богданци чиј атар се допира со државната граница на Република Грција. Селото е рамничарско на надморска височина од 150 м.н.в. Атарот на Селемли зафаќа површина од 608 ha, од кои обработливите површини зафаќаат 370,8 ha, пасиштата 160,3 ha, и шумите зафаќаат површина од 3,5 ha. Селото има полјоделска функција. Поради пораст на бројот на населението селото преминало од мала во средна населба.

Стојаково е голема населба која се наоѓа во јужниот дел на територијата на Општина Богданци чиј атар со мал дел се допира со државната граница на Република Грција. Селото е рамничарско на надморска висина од 60 м.н.в. Атарот зафаќа површина од 2.746,2 ha од кои обработливото земјиште зафаќа 1.577 ha, пасиштата 610,5 ha и шумите зафаќаат површина од 142,1 ha. Селото има полјоделско – сточарска функција. Во него постои осумгодишно училиште, амбуланта, пошта, дом на културата, земјоделска задруга и услужни објекти.



Слика 3. Мапа на општина Богданци

4.2. Геолошки карактеристики

Во геолошки контекст, територијата на општина Богданци е дел од Вардарската зона, во која се среќаваат карпи со различна старост и различен состав, вклучително квартерни седименти во долината на Вардар.

Поради изразениот рамничарски карактер, релјефот на територијата на општина Богданци не е многу развиен. Доминираат ниски ридски релјефни форми, а единствено во северниот дел на општината се издигнуваат повисоки ридови вклучувајќи ги Мамино (426 м.н.в), Кучелот (436 м.н.в) и Пунтот (453 м.н.в). Највисокиот дел на општината е всушност граничниот предел на крајниот југоисток кон општина Дојран, каде се издигнуваат нешто повисоките ридови Бандера (532 м.н.в) и Карабалија (697 м.н.в).

4.3. Климатски карактеристики

Општина Богданци поради својата географска положба, (не)развиеност на релјефот, односно малата просечна надморска височина под 500 м.н.в, е целосно во зоната на суб – медитеранскиот климатски тип. Карактеристиките на климата во општината се многу топли лета и релативно студени зими.

Најстуден месец во годината е јануари, со просечна температура од 3,8 °C, додека апсолутно минималната измерена изнесува -13,0 °C, измерена во месеците јануари и декември. Најтопол месец е јули, со просечна температура 25,4 °C, додека апсолутно максималната измерена температура во јули, изнесува 44,6 °C. Повеќегодишната средна температура на воздухот изнесува 14,2 °C.

Општина Богданци во согласност со климатскиот режим, не располага со големи количества на врнежи, а нивната просечна годишна сума изнесува 660,8 mm. Најмногу врнежи паѓаат во есен и тоа во месец ноември, кога просекот изнесува 86,7 mm. Летниот период е многу сув и добива помалку од 15 % од вкупните годишни врнежи.

Во однос на ветровите, со најголема зачестеност се оние од северен и јужен правец, односно Вардарец и Југо. Вардарецот дува преку целата година, со најголема честина во зимските месеци (224 ‰), кога ја снижува температурата, а преку летото го зголемува испарувањето. Југо е топол ветар и најчесто дува во пролет и есен.

4.4. Хидролошки карактеристики

Најголемата река во Република Северна Македонија, Вардар, е всушност западна граница на општината. Иако не тече на територијата на општината, улогата на Вардар е многу голема, бидејќи значајно влијае на климатско – хидролошкиот режим. Особено, важно од аспект на климатските промени се честите излевања на Вардар кои го поплавуваат околниот предел.

Најголем водотек во општина Богданци е реката Луда Мара, која по изградбата на акумулацијата Паљурци, многу често има карактер на пороен поток, кој за време на поголеми врнежи предизвикува поплави, предизвикувајќи големи проблеми, особено заради големите наноси од речен материјал. Акумулацијата Паљурци има корисен волумен од $2,8x10^6$ m^3.

Како и реката Луда Мара, и нејзините притоки имаат пороен карактер. Десни притоки се: Габровска Река, Медурска Река и Камилска Река, додека позначајна лева притока е Поландере. Неколку породни водотеци како Сува Река, Маторска Река и Таљусница, директно се вливаат во акумулацијата.

Покрај Паљурци, во близина на селото Селемли, на Селемлиска Река, е изградена уште една акумулација во општината. Акумулацијата „Селемли“ е многу помала и има корисен волумен од $0,84x10^6$ m^3. Двете акумулации се наменети за наводнување на

обработливите површини, за која намена во општината се изградени уште седум други микроакумулации.

4.5. Природни карактеристики

Природните карактеристики на Општината Богданци се доста интересни, особено во поглед на геолошкиот состав, релјефот, климата, хидрографијата, вегетациските карактеристики како и во однос на почвите. Општината Богданци располага со значителни површини на земјоделско земјиште и одлични климатски услови за производство на препознатливи земјоделски производи.

4.5.1. Земјоделство

Земојделството во Општина Богданци е сè уште една од најзастапените активности или како основна или како дополнителна активност на населението. Во минатото, земјоделството било многу повеќе застапено, но со текот на времето, населението постепено ја напушта оваа гранка и се концентрира кон останатите економски гранки. Општина Богданци поседува вкупно 3.693 ha земјоделско земјиште (2024 година), од кои 3.3596 ha припаѓаат на обработлива површина (ораници и бавчи, овоштарници и лозја), а 132 ha на пасишта и ливади.

Табела 2. Земјоделски површини по категории на користење, во хектари, по општини, по години
Извор: База на податоци МАКСТАТ, Земјоделски површини по категории на користење, во хектари, по општини, по години. PxWeb

Тип на земјиште	Општина Богданци - Површина (ha)		
	2022	2023	2024
Земјоделска површина	4.030	3.680	3.693
Вкупна обработлива површина	3.933	3.583	3.596
Ораници и бавчи	3.274	2.919	2.932
Овоштарници	73	81	81
Лозја	454	451	451
Ливади	132	132	132
Пасишта	97	97	97

Климатските карактеристики на територијата на Општина Богданци даваат поволни услови за развој на градинарски култури и за одгледување на лозови насади. До деведесетите години на минатиот век, земјоделството се смета за основна дејност и носечки столб на економијата во Општина Богданци.

Одгледувањето на овошјето и зеленчукот е традиционално во Општина Богданци. Според последен официјален податок од ДЗС за број на овошни стебла во Богданци, во последните три години година цреши, вишни, јаболки и круши имаат одредена константност, и оревите имаат одредена константност, за разлика од оревите и дуњите чиј број во последните две години се зголемува.

Табела 3. Број на овошни стебла и производство на овошје, по општини, по години

Извор: База на податоци МАКСТАТ, Број на овошни стебла и производство на овошје, по општини, по години. PxWeb

Вид на овошни стебла	Број / години		
	2022	2023	2024
Цреши	450	450	450
Вишни	400	400	400
Кајсии	3.240	2.400	1.600
Дуњи	250	2.000	3.400
Јаболка	4.550	4.500	3.800
Круши	2.860	2.500	2.000
Сливи	5.000	3.500	3.000
Праски	3.500	2.800	2.800
Ореви	1.800	4.400	5.200
Бадеми	1.600	1.100	3.700

За наводнување на земјоделските површини е изградена браната „Паљурци“, која обезбедува вода за наводнување и со тоа има значително зголемување на вкупното земјоделско производство. Како резултат на ова евидентирано е зголемување на површините со житни и градинарски култури, развој на сточарството, и зголемување на површините со лозови насади.

Табела 4. Површини и производство на посеви, по општини, по години

Извор: База на податоци МАКСТАТ, Површини и производство на посеви, по општини, по години. PxWeb

Засеана површина во хектари	2022	2023	2024
Пченица	465	474	438
Рж	17	10	1
Јачмен	319	304	395

Овес	6	/	/
Пченка	287	253	262
Ориз	/	/	/
Сончоглед	/	/	/
Тутун	7	6	6
Компири	83	88	89
Кромид	274	265	260
Лук	1	1	1
Грав-главен посев	24	27	25
Грашок-зрно	13	16	12
Леќа	/	/	/
Зелка	300	280	275
Домати	102	85	110
Пиперки	28	43	56
Краставици	2	20	30
Бостан	75	51	51
Детелина	/	/	/
Луцерка	345	335	335
Граор	11	18	21
Добиточен грашок	20	20	20
Крмна пченка	91	61	61
Добиточна репка	/	10	10

4.5.2. Шумарство

Шумите во Општината Богданци се наоѓаат на површина од 3.457 ha. Во структурата на шумите во Општината доминира дрвна маса, грмушки, честари и макии, додека дабовата шума е застапена во помал процент.

Шумите како екосистеми имаат големо значење во одржувањето на биолошката рамнотежа на природата, тие имаат повеќекратно позитивно влијание врз квалитетот на живеење; заштита од ерозивни процеси, шумите создаваат и посебна микроклима - ги ублажуваат екстремните температури, го прочистуваат воздухот, делуваат како филтер за апсорбција на прашина и чад, го намалуваат штетното влијание од бучавата. Уништувањето на шумите негативно влијае врз екосистемот, предизвикува губење на живеалиштата на животните, инсектите, габите, растенијата, птиците,

формирање на нови живеалишта, намалување на биоразновидноста, менување на микро климата.

Најголема опасност за шумите се неконтролираното сечење и пожарите. Југоисточниот регион, во кој спаѓа и Општина Богданци, според застапеноста на типот на вегетација, од една страна и динамиката на настанатите пожари од др. страна спаѓа во најзагрозените шумски региони во државата. Штетите кои настануваат со пожарите се со голема економска вредност. Бесправната сеча е втор голем уништувач на шумата. Причина за појава на бесправна сеча е социјалната состојба на населението, но и можност за богатење на поединци преку продажба на бесправно исечната дрвна маса. Со бесправната сеча исто како и со пожарите можат да настанат штети од исчезнување на шумите односно пореметување на биолошката рамнотежа.

Шумата е важна бидејќи го регулира протекот на водата, влијае врз самите врнежи, врз испарувањето, транспирацијата, влажноста на почвата. Влијанието на шумата врз водниот режим е пресудно, водотеците каде што има слаба пошуменост брзо пресушуваат и чести се појавите на ерозивни процеси. Ерозијата претставува голема опасност бидејќи нанесува големи штети врз сите стопански гранки. Најдобар начин за смалување на ерозивните процеси се пошумувањето и подобрувањето на квалитетот на постојната шума.

Табела 5. Државна површина под шума - шуми според видови дрвја, по региони, по години

Извор: База на податоци МАКСТАТ, Државна површина под шума - шуми според видови дрвја, по региони, по години. PxWeb

Југоисточен регион	Површина		
	2022	2023	2024
Вкупна површина под шума	133.145	133.145	133.145
Листопадни насади	86.659	86.659	86.659
Шума под бука	21.809	21.809	21.809
Шума под даб	40.404	40.404	40.404
Шума под костен	2.019	2.019	2.019
Шума под други тврди листопадни видови	22.210	22.210	22.236
Шума под други меки листопадни видови	31	217	191
Иглолисни насади	9.353	9.353	9.353
Шума под смрча	312	312	312
Шума под ела	1.365	1.365	1.365
Шума под црн бор	4.335	4.335	4.335
Шума под бел бор	1.915	1.915	1.915

Шума под молика	/	/	/
Шума под други иглолисни видови	1.426	1.426	1.426
Мешовити насади	30.142	30.142	30.142
Деградирани шуми	6 991	6 991	6 991

4.6. Природно наследство

Значајно Растително Подрачје "Богданци" се простира во југоисточниот дел на Република Северна Македонија и административно припаѓа на територијата на општина Богданци и општина Дојран. Се протега на надморска височина од 100 до 507 m (главно од 150-300 m). Подрачјето целосно влегува во медитерански регион, а зафаќа прнарови шибјаци и во поамал обем отворени тревести површини со брдски пасишта. ЗРП „Богданци" вклучува 8 вида од критериумот А, и тоа 1 од А(i), 1 од А(ii) и 6 од А(iv).

Поголемиот дел од земјиштето во прнаровите состоини е државно, а помал дел приватно. Главен тип на искористување на земјиштето е шумарство (без особена економска оправданоат) и во помала мера сточарството (зимски пасишта).

Закани:

- Главна закана за овој регион е интринсичкиот фактор што произлегува од бавниот раст на прнарот и другите дрвенести видови заради генетските предиспозиции, но и заради сувите и жешки климатски услови (++);
- Во помала мера се заканууваат секторските активности во областа на шумарството (++) или земјоделството – сточарството (++);
- Непланскиот урбан развој исто така може да биде закана (има тенденција на интанзивирање на заканата) (+).

*Извор: Значајни растителни подрачја во РС Македонија; Македонско еколошко друштво (2010)



Слика 4. Заштитено растително подрачје Богданци

Природната реткост „Погана“ претставува термофилна состоина со доминација на зимзелениот даб прнар. Овој вегетациски тип во Македонија се развива северно до Демир Капија и се нарекува псевдомакија.

Основната мотивација за прогласување на природна реткост е присуството на растението меурест козинец (Astragalus physocalyx), кое во земјата е познато само од околината на Богданци. Меурестиот козинец се наоѓа на листата на строго заштитени диви видови растенија (Сл. Весник на Р.М. бр. 139/2011) на Глобалната црвена листа на Меѓународната унија за заштита на природата (IUCN Red list of Threatened Species), како и на првата Црвена листа на загрозени видови во С. Македонија.

Подрачјето кое е предложено за заштита во категоријата природна реткост ги опфаќа сите познати популации на ова растение. Со овој потег преку заштита на живеалиштето на растението меурест козинец би се заштитиле од исчезнување и неговите популации кои се малубројни.



Слика 5. Местоположба на локалитетот „Погана“ (врз основа од Google Earth, 2024).
Извор: Елаборат за валоризација на природната реткост „Погана“

4.7. Културно-историско наследство и археолошки наоѓалишта

Општина Богданци располага со значајно културно-историско и археолошко наследство, кое сведочи за континуитет на живеење од антиката, преку средниот век, до современиот период.

Културното наследство претставува значаен потенцијал за развој на културен, едукативен, археолошки и рурален туризам.

4.8.1. Културно-историски споменици

- Црква „Св. Атанасиј Велики“– Богданци, од XIX век, која е од архитектонска, духовна и културна вредност. Најстар зачуван објект за потребите на религијата во Богданци е црквата Свети Атанасиј Велики, изградена во 1825 година. Се верува дека е изградена на местото на постара црква. Низ текот на времето црквата претрпела измени, бил реновиран кровот, во 1936 година изградена е нова камбанарија, интервенирано е кај фреските, реновирање на иконостасот, поставување на нова врата и др. Во 2014 година црквата беше целосно опожарена. Следната година 2015 година започна изградбата на новата црква,

на истото место каде што беше старата црква. Има статус на локално културно наследство.

- Црква „Успение на Пресвета Богородица" – Ѓавото е изградена во 1834 година. Стилот на градба е трикорабна, со надворешен централен кораб и дрвени тавани во трите кораби. Пред почетокот на Првата светска војна црквата е опожарена, но зидовите биле сочувани. Црквата не е живописана по обновувањето, но има иконостас од поново време.
- Црква „Св. Недела" – Стојаково, изградена е околу 1860 година, која, за време на Првата светска војна била разурната. Пред разурнувањето, црквата била живописана, што може да се константира од остатокот на фреска во олтарната апсида, каде што е насликана Богородица со Христос. Црквата на исток завршува со полукружна олтарна апсида, а со припрата на западната страна, со крстилница и балкон. Во црквата „Св. Недела" се наоѓаат и икони од XVIII и XIX век. Ѕидовите во наосот не се живописани, но во олтарната апсида, која останала неразурната за време на Првата светска војна, има остаток од стар фреско-живопис, но фреската е оштетена.
- Црква „Св. Ѓорѓи" – Селемли, претставува македонска православна црква во богданскотото село Селемли. Камен темелникот на црквата бил поставен во 2011 година, додека почетоците на изградба во мај 2012 година.

*Извор: ЛЕАП Богданци 2019-2025; Градежен Институт Македонија (ГИМ) АД Скопје

4.8.2. Археолошки наоѓалишта

Во археолошката карта на Република Македонија, која ги проучува предисториските и историските слоеви на човековиот опстанок од најстарите времиња до доцниот среден век, евидентирани се локалитети кои се наоѓаат во Општина Богданци:

- Барданов камен, населба од римско време;
- Света Гора, населба и некропола од доцноантичко време;
- Старохристијанска базилика, се наоѓа лево од патот Гевгелија-Богданци;
- Тумба, некропола од доцноантичко време;

*Извор: ЛЕАП Богданци 2019-2025; Градежен Институт Македонија (ГИМ) АД Скопје

4.8.3. Настани и манифестации

- Коледарски хепенинг. Традиционален музички настан на кој учсествуваат естрадни уметници од Република Македонија. Се одржува на 5 јануари во Богданци и на 6 јануари во Стојаково, под покровителство на Општината.
- Богојавление - Водици. Денот на крштевањето на Исус Христос во реката Јордан, 19 јануари, се прославува со празнични богослужби во храмовите во Општината

и фрлање на Светиот Крст во водите во населените места во Општината. Централното празнување за жителите на Богданци е кај браната Паљурци, за Стојаково и Селемли - кај браната во Селемли, а за жителите на Ѓавото - во реката Вардар. Покровител на празнувањето е Општина Богданци.

- Св. Трифун. На празникот на заштитникот на лозарите, Светиот маченик Трифун, 14 февруари, традиционално се закројуваат лозјата, а во чест на светителот сопствениците на лозјата приредуваат празнична трпеза, за благословеност на родот во годината што претстои.
- Маскарада - Априлијада. Денот на шегата, 1 април, младите од Општина Богданци традиционално го одбележуваат со дефилеа под маски по главните улици во населените места.
- Првомајски трки во Стојаково. Се одржуваат веќе 60 години за празникот 1-ви Мај во Стојаково. Учесниците се натпреваруваат во трка со коњи, трка со магарињa, трка со ролерки, трка со велосипеди, трчање на 100 метри (мажи и жени, јуниори и сениори), трчање на 3.000 скокање со вреќи, влечење со јаже.
- Панаѓур во Селемли - Ѓурѓовден. Жителите на Селемнли традиционално го одбележуваат денот на заштитникот на селото, Св. великомаченик Ѓорѓи, 6 мај. На денот на традиционалниот панаѓур во селото доаѓаат гости од соседните места, а од домаќините ги пречекуваат со празнична трпеза.
- Панаѓур во Богданци - Свети Атанасиј. Сенароден собир со духовна и културно-уметничка програма кој се одржува секоја година, во Градскиот парк во Богданци на 15 мај, денот на Пренесувањето на моштите на Свети Атанасиј Велики, светецот-заштитник на Богданци, кому му е посветена и градската црква.
- Панаѓур во Стојаково - Света Недела. На 20 јули во Стојаково традиционално се слави празникот на заштитничката на селото, Света Недела. Според традицијата, прославата трае три дена, со многу музика, а селото го посетуваат реки луѓе од околните населени места.

*Извор: ЛЕАП Богданци 2019-2025; Градежен Институт Македонија (ГИМ) АД Скопје

- Ден на Астрагалусот. Почнувајќи од 2023 година, во мај, ПОЛИМАТ 13 со поддршка на Општина Богданци го организира овој настан кој има за цел да ги едуцира младите луѓе и целото население за природните вредности, за значењето на природата и подигнување на свеста за заштита на животната средина. Во рамки на ово настан се организира ликовна работилница за најмалите, натпревари во брзо редење на сложувалки со тема Астрагалус, едукативни квизови, музичко катче и изложба на модни цртежи инспирирани од Астрагалусот, мал саем на рачни изработки и уметнички дела и др.

4.8. Демографски карактеристики

Според последниот официјален попис на населението и домаќинствата во Република Северна Македонија, на територијата на општина Богданци живеат 7.339 жители[4], односно 76,02 ж/km^2, што укажува на фактот дека општината има добра густина на населеност. Од овој број 3.722 се мажи, додека 3.617 се жени.

Најголемиот дел од населението во 2021 година живее во општинскиот центар Богданци, 5.244 жители, додека во другите три селски населби живеат помал број на население: Стојаково 1.451 жител, Ѓавато 389 жители и Селемли 255 жители.

Според етничката структура на населението, во општина Богданци доминираат Македонците со 6.665 жители. Покрај нив, во општината живеат 275 Срби, 38 Турци, 12 Роми, 4 Власи, 1 Албанец, 1 Бошњак, 48 припадници на останати етнички групи и 295 лица за кои податоците се преземени од административни извори.

Природниот прираст односно поточно кажано намалување на населението, во 2021 година изнесува -9,2 ‰, што ја сместува општината во првите десет, на листата на општини со најголемо намалување на населението во РС Македонија.

Според Пописот од 2021 година, во општина Богданци се евидентирани 2.611 домаќинства, а бројот на станови (живеалишта) во општината изнесува 3.048.

4.9. Економски карактеристики

Според податоците на Државниот завод за статистика, дадени во следната табела, на 31 декември 2018 година во Општина Богданци се регистрирани вкупно 271 активни деловни субјекти.

Табела 6. Активни деловни субјекти по сектори на дејност според НКД Рев.2, по општини, по години 2010-2020, состојба 31 декември

Извор: База на податоци МАКСТАТ, Активни деловни субјекти по сектори на дејност според НКД Рев.2, по општини, по години 2010-2020, состојба 31 декември. PxWeb

Дејност	Број / 2020
Вкупно	271
А. Земјоделство, шумарство и рибарство	11
Б. Рударство и вадење на камен	1
В. Преработувачка индустрија	33
Г. Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација	/
Д. Снабдување со вода; отстранување на отпадни води, управување со отпад; санација на околината	1
Ѓ. Градежништво	10

[4] Статистички годишник на Република Македонија, 2021, Државен завод за статистика

Е. Трговија на големо и трговија на мало; поправка на моторни возила и мотоцикли	89
Ж. Транспорт и складирање	54
З. Објекти за сместување и сервисни дејности со храна	22
S. Информации и комуникации	4
И. Финансиски дејности и дејности на осигурување	/
J. Дејности во врска со недвижен имот	1
К. Стручни, научни и технички дејности	9
Л. Административни и помошни услужни дејности	/
Љ. Јавна управа и одбрана; задолжително социјално осигурување	1
М. Образование	6
Н. Дејности на здравствена и социјална заштита	10
Њ. Уметност, забава и рекреација	6
О. Други услужни дејности	13
П. Дејности на домаќинствата како работодавачи	/
Р. Дејности на екстратериторијални организации и тела	/

Најголем број на активни деловни субјекти има во секторите: Трговија на големо и трговија на мало; поправка на моторни возила и мотоцикли, 89 субјекти, Транспорт и складирање, 54 субјекти, и Преработувачка индустрија, 33 субјекти.

Од останатите сектори на дејности, во Општина Богданци се регистрирани активни деловни субјекти и во секторите: Земјоделство, шумарство и рибарство, Рударство и вадење на камен, Снабдување со вода; отстранување на отпадни води, управување со отпад; санација на околината, Градежништво, Објекти за сместување и сервисни дејности со храна, Информации и комуникации, Стручни, научни и технички дејности, Образование, Дејности на здравствена и социјална заштита, Уметност, забава и рекреација, Други услужни дејности.

4.10. Општинска инфраструктура

4.11.1. Сообраќајна инфраструктура

Општина Богданци со својата местоположба на крајниот југоисток на државата, има одлична местоположба, бидејќи покрај нејзината западна граница поминува автопатот Е – 75, а општинскиот центар е оддалечен од него само 7.5 km, преку кој

општината е директно поврзана не само на север, со главниот град Скопје, туку и кон југ со Република Грција[5].

Општината Богданци има одлична поврзаност и со соседните општини. Со Гевгелија, е поврзана преку регионалниот пат P1109 Гевгелија (врска со A1)-Богданци-Фурка (врска со P1105) и ја спојува општината со општина Дојран, на југ, но и со општина Валандово-P1105 Врска со A1-Миравци-Давидово-Удово (врска со P1102)-Валандово-Раброво-Дојран-гр. со Грција (Сретеново) и делница Стар Дојран - гр. со Грција (Николиќ), на север, со која комуницира и преку регионалниот пат Р – 1109, кој истовремено е и главна внатрешна трансверзала која ги поврзува трите села во општината, Ѓавото, Стојаково и Селемли.



Слика 6. Прегледна карта на државни патишта на територијата на општина Богданци

Во Општината[6] постојат 46 локални патишта од кои 33 се асфалтирани и со коцка и 13 се земјани.

4.11.2. Комунална инфраструктура

Водоснабдување

Покриеноста со водоснабдување во општина Богданци е на ниво од 85%. Водата се црпе од Бунарско подрачје Ѓавото, кај што постојат три бунари (Бунар 1 – за село

[5] *Извор: ЛЕАП Богданци 2019-2025; Градежен Институт Македонија (ГИМ) АД Скопје

[6] База на податоци МАКСТАТ

Ѓавото; Бунар 2 – потисен цевковод до резервоар во Богданци и Бунар 3 – стар водовод (вода се пумпа во линиите на потрошувачкиот, а вишокот во резервоарот).

Системот за водоснадбување има 3 резевоари. Капацитетот на резевоарите е 850 m^3, од кои 750 m^3 е за Богданци, а 100 m^3 за Ѓавото. Двата резервоари за Богданци се Резервоар 1 (стар) со капацитет 250 m^3 и резервоар 2 (нов) со капацитет 500 m^3 кој е изграден во 2016 во рамки на проектот УСАИД за општински стратегии за климатски промени. На дистрибутивната мрежата има 2.062 корисници со водомери. Дистрибутивната мрежа освен во градот ги опфаќа и населено место Ѓавото, додека населените места Стојаково и Селемли кои спаѓаат во општина Богданци сеуште добиваат вода преку услугите кои ги обезбедува ЈПКД „Комуналец“ Гевгелија. За изградба на водоводна мрежа од бунарско подрачје Богданци за с. Селемли изработена е проектна документација, потребни се финансиски средства за реализација на проектот[7].

Дел од мрежата е стара и дотраена, поради што се јавуваат загуби на вода и чести дефекти[8]. Поради тоа потребно е реконструкција на мрежата, модернизација на бунарите и воведување далечинско мерење.

Отпадни води

Инфраструктурата за отпадни вода опфаќа околу 93 % од населението во Богданци, а остатокот од населението користи септички јами или неконтролирано ги испушта отпадните води. Во населените места во Општината сите населени места си имаат свој канализациони системи кои не се поврзани меѓу себе. Собраните отпадни води се испуштаат во река Вардар. Колекторскиот систем на отпадни води воглавно е одвоен од колекторскиот систем на атмосферски води. Вкупната должина на постојаната канализациона мрежа се проценува на 49 km (главна канализациона мрежа е 5 km, секундарска канализациона 39 km и атмосферска мрежа 5 km). Постојаната канализациона мрежа е изградена од разни материјали (бетонски цевки, керамички, ПВЦ, коругирана и др.) и имаат различен дијаметар (од 110 mm до 700 mm), додека староста на цевководите варираат до 60 години стари.

Дел од канализацијата е мешана (фекална + атмосферска) и не е поврзана со сите домаќинства. Исто така канализацијата е застарена со недоволна пропусна моќ при поројни дождови, екстремни врнежи и локални поплавувања.

Во општина Богданци нема пречистителна станица за отпадни води и поради тоа отпадните води директно се испуштаат во реципиенти или се инфилтрираат во почвата. Поради тоа доаѓа до загадување на подземните води, површинските текови и почвата.

[7] *Извор: ЛЕАП Богданци 2019-2025; Градежен Институт Македонија (ГИМ) АД Скопје
[8] *Извор: ЛЕАП Богданци 2019-2025; Градежен Институт Македонија (ГИМ) АД Скопје

4.11.3. Управување со отпад

Управувањето со комуналниот отпад во Општина Богданци му е доверено на ЈП „Комунална Чистота“ кое е основано од страна на Општината. Организирана услуга за собирање на комуналниот отпад е обезбедена во градот Богданци и руралните места Ѓавато, Селемли и Стојаково. Собирањето и транспортирањето на комуналниот отпад се врши организирано во текот на целата година, а динамиката на собирање и транспортирање на комуналниот отпад е два пати неделно во градот Богданци и еднаш неделно во раралните населени места. Бројот на корисници на комуналната услуга во Општина Богданци со сите населени места изнесува 2.600 домаќинства. Отпадот се собира со камиони, а во помалку пристапните и тесни улички за собирање на отпад се користи трактор.

Собраниот отпад ЈП „Комунална Чистота” го депонира на градското ѓубриште, кое се наоѓа на десната страна од регионалниот пат Богданци – Гевгелија. На ѓубриштето има обезбедување, но и покрај тоа има чести случаи на одлагање на отпад на диви депонии од несовесни граѓани и фирми, со што се јавува потреба од поголемо ангажирање на комуналните редари како и изнаоѓање решение за поголема контрола на самото ѓубриште.

Во Општина Богданци постојат три поголеми ѓубришта од кои едното е градско на ниво на Општината, а останатите две се помали.

- Градско ѓубриште – „Страната“ со површина од 20.000 m^2, на растојание од 800 m се наоѓа најблиското населено место Богданци, а во близина нема водни површини (реки, езера и сл.);
- Честе јавори со површина од 600 m^2, се наоѓа на растојание од 2.000 m од најблиското населено место Богданци, а на само 50 m од најблиската река Луда Мара;
- Стојаково со површина од 2.100 m^2, на растојание од 600 m од најблиското населено место Стојаково, а во близина има суводолици, кои при поголеми количини на врнежи од дожд се претвараат во поројни реки.

Поради несовесно фрлање на отпад се создаваат нови ѓубришта, како што е ѓубриштето Нови Гробишта.

Целиот генериран и собран комунален цврст отпад од домаќинствата и индустриските капацитети се депонира на градското ѓубриште за комунален отпад „Света Гора“. Ѓубриштето се наоѓа на околу 1 km од градот и до него води пат кој во поголем дел е асфалтиран, а кон крајот е земјен. Ѓубриштето ги исполнува минималните технички услови коишто се предвидени за една комунална депонија. Во почетокот на 2016 година целосно била санирана оградата околу ѓубриштето. За трите пристапни патишта за влез и излез од ѓубриштето поставени се рампи со што целосно се

заокружил процесот за оградување. Секоја година се ангажира булдожер гасеничар за затрупување и порамнување на дел од ѓубриштето. Во поглед за обезбедување на ѓубриштето, во постапка е поставување на патролно обезбедување на ѓубриштето поради што ќе нема потреба од воведување на чуварска служба за превентива од подметнување на пожари и самозапалување на ѓубриштето.

5. АНАЛИЗА НА СОСТОЈБАТА

5.1. Климатски ризици во Општина Богданци

Општина Богданци се наоѓа во југоисточниот дел на Република Северна Македонија, во регион со изразено континентално-медитеранско климатско влијание, кое се карактеризира со жешки и суви лета, благи зими и релативно ниски годишни врнежи. Во последните децении, климатските промени значително влијаат врз локалните климатски параметри, што резултира со појава на повеќе климатски ризици.

Повеќето лозови насади се наоѓаат во Повардарскиот и Југоисточниот регион. Одгледуваните сорти и целокупниот стил на вино што го произведува регионот е директен резултат на просечните климатски услови, додека климатската варијабилност ги одредува разликите во квалитетот на гроздоберот.

Пченката што се наводнува може да го зголеми приносот за 23 % во континенталната област, но да го намали приносот за 11% во медитеранската област. Пченката од дождовница веројатно ќе го намали приносот во двете области до 77 %. За Југоисточниот регион, приносот на пченка се очекува да се намали за 56 % во 2025 година и дури 86 % во 2050 година.

Општините кои можат да се проценат како најмалку ранливи се главно во Југозападниот и Пелагонискиот регион (како што се Прилеп, Битола, Кичево, Ресен, Струга, Могила) најмногу како резултат на поповолни капацитети за прилагоду- вање и оценки за изложеност, додека општините од Југоисточниот регион имаат најниски оценки за чувствителност. Општините во Југоисточниот регион имаат „најниски оценки за чувствителност“, поради тоа што природните, социо-економските и инфраструктурните карактеристики овозможуваат подобра адаптација, односно системите побавно и помалку драматично реагираат на климатските влијанија.

Кај Југоисточниот регион, ова се должи на адаптирани земјоделски практики на суви услови; долгогодишно искуство со сушни периоди; традиционално прилагодено производство (тутун, пипер, лозје, овошје); поголема отпорност на населението кон климатските екстремни и сл.

Општина Богданци се карактеризира со ниска чувствителност, бидејќи земјоделството е традиционално адаптирано на високи температури и сушни услови; користење на системи за наводнување и геотермални води и присуство на отпорни земјоделски

култури (пипер, житарки, лозје, раноградинарство). Населението има долгогодишно искуство со климатски екстремни и системите не се нагло чувствителни, туку покажуваат одредена отпорност.

Иако општините од Југоисточниот регион, вклучително и Општина Богданци, покажуваат релативно ниска чувствителност на климатските промени поради традиционално адаптираните земјоделски практики и долгогодишното искуство со сушни услови, тие истовремено се карактеризираат со висока изложеност на климатски ризици. Ова укажува на потреба од дополнително јакнење на капацитетите за прилагодување, особено во секторите водни ресурси, земјоделство и управување со екстремни временски појави.

Општина Богданци не е најранлива општина, но е многу изложена и затоа има висок приоритет за адаптациски мерки.

5.1.1. Зголемени температури

Забележлив е пораст на просечните годишни и летни температури, со почести и подолготрајни топлотни бранови. Овој тренд резултира со:

- зголемен стрес кај населението, особено кај постарите лица, децата и хронично болните,
- зголемена потрошувачка на електрична енергија за ладење,
- негативно влијание врз земјоделските култури, особено во фазите на цветање и зреење.

Проекциите укажуваат дека просечните летни температури ќе продолжат да растат, што ќе доведе до зголемена фреквенција на екстремни жештини.

5.1.2. Почести суши

Општината е изложена на зголемена фреквенција и интензитет на сушни периоди, особено во летните месеци. Намалените врнежи и нерамномерната распределба на водата:

- го намалуваат приносот на земјоделските култури,
- предизвикуваат деградација на почвите,
- го зголемуваат ризикот од шумски пожари.

Сушите претставуваат еден од најзначајните климатски ризици за Богданци, со директно влијание врз економијата и животниот стандард.

5.1.3. Недостаток на вода за наводнување

Намалените врнежи и зголеменото испарување предизвикуваат намалување на достапноста на површинските и подземните води. Ова создава сериозен притисок врз:

- системите за наводнување,
- водоснабдителните капацитети,
- земјоделското производство.

Недостатокот на вода особено се чувствува во периодите на интензивна вегетација, што доведува до намалени приноси, економски загуби и зголемени трошоци за земјоделците.

5.1.4. Зголемен ризик од пожари

Високите температури, продолжените сушни периоди и намалената влажност на почвата и вегетацијата значително го зголемуваат ризикот од појава на шумски и полски пожари кои пак:

- предизвикуваат деградација на шумските и земјоделските површини,
- доведуваат до загуба на биодиверзитет,
- го влошуваат квалитетот на воздухот,
- создаваат опасност за населените места и инфраструктурата.

5.1.5. Загрозување на земјоделското производство

Земјоделството, како една од основните економски дејности во општината е директно изложено на климатските промени. Комбинацијата од суши, високи температури, недостиг на вода, екстремни временски појави доведува до:

- намалени приноси,
- нестабилност на производството,
- деградација на земјоделското земјиште,
- економска несигурност на локалното население.

5.2. Ранливи сектори

Општина Богданци е значително изложена на негативните ефекти од климатските промени, при што најранливи се секторите земјоделство, водни ресурси и здравство.

Земјоделство

Ризици кои се условени од климатските промени во овој сектор се: суши, деградација на почви, нестабилни приноси.

Земјоделството е најранливиот сектор во општина Богданци. Сушите и високите температури предизвикуваат намалена влага во почвата, ерозија на земјиштето, намалена плодност, појава на нови штетници и болести и др.

Ова доведува до дополнителни, зголемени трошоци за производство и намалена економска одржливост.

Водни ресурси

Ризици кои се условени од климатските промени во овој сектор се: недостиг на вода, намалени подземни резервни и др.

Намалувањето на врнежите и зголеменото испарување негативно влијаат врз квалитетот и квантитеот на подземните води, локалните извори, капацитетот на водоснабдителните системи и др.

Намалената достапност на водни ресурси и зголемената побарувачка, особено во летниот период, создаваат ризик од појава на воден стрес, кој директно влијае врз квалитетот на живот на населението, стабилноста на земјоделското производство и одржливоста на локалните економски активности.

Енергетика

Ризици кои се условени од климатските промени во овој сектор се: зголемена потрошувачка, преоптоварување на мрежата и др.

Порастот на температурите доведува до зголемена употреба на климатизација, зголемена потрошувачка на електрична енергија и поголемо оптоварување на електроенергетската инфраструктура.

Климатските промени се осврнуваат на значењето на обновливите извори на енергија, особено сончевата и геотермалната енергија, со кои располага општината.

Здравство

Ризици кои се условени од климатските промени во овој сектор се: топлотни бранови и зголемени здравствени проблеми.

Топлотните бранови предизвикуваат зголемена смртност и морбидитет, влошување на хроничните болести и зголемен број интервенции во здравствените установи, каде особено се загрозени постарите лица, децата, хронично болните и социјално ранливите групи.

Биодиверзитет

Ризици кои се условени од климатските промени во овој сектор се: губење на видови, нарушување на екосистеми и др.

Климатските промени предизвикуваат промена на природните живеалишта, миграција и исчезнување на растителни и животински видови, нарушување на екосистемската рамнотежа и др.

Горенаведените промени имаат долгорочни последици врз еколошката стабилност и природниот капитал на општината.

5.3. Врска меѓу климатските промени и родовата еднаквост

Климатските промени претставуваат еден од најголемите глобални и локални предизвици на современото општество, со директни и индиректни последици врз економскиот развој, социјалната стабилност и квалитетот на живот. Нивните ефекти не се распределени рамномерно меѓу различните групи на население, при што жените, особено во руралните средини, се меѓу најпогодените категории. Во Општина Богданци, која се карактеризира со значајно земјоделско производство и традиционални семејни структури, климатските промени дополнително ги продлабочуваат постојните родови нееднаквости.

Во локалниот контекст, жените имаат клучна улога во земјоделските активности, управувањето со домаќинството, обезбедувањето храна и грижа за членовите на семејството. Тие често се носители на голем дел од неплатената работа, што ги прави особено изложени на последиците од сушите, високите температури и недостигот на вода. Зголемените климатски притисоци резултираат со зголемено работно оптоварување, зголемена физичка и психолошка исцрпеност и намалени можности за економско учество и личен развој.

Истовремено, жените во руралните заедници, вклучително и во Богданци, имаат ограничен пристап до клучни ресурси како што се земјиште, финансиски средства, современи технологии, обуки и информации. Овие структурни ограничувања ја намалуваат нивната способност да се прилагодат на климатските промени и да воведат иновативни, одржливи практики во земјоделството и домаќинството. Недоволната застапеност на жените во процесите на донесување одлуки дополнително го ограничува нивното влијание врз локалните политики за управување со климатските ризици.

Климатските екстреми, како сушите и топлотните бранови, имаат и значајни здравствени импликации, кои особено ги погодуваат жените, како главни носители на грижата за децата, старите лица и болните членови на семејството. Зголемената потреба за здравствена и социјална грижа, во услови на ограничени ресурси, создава дополнителен притисок врз нивната секојдневна улога и ја зголемува нивната

ранливост. Во исто време, зголемениот ризик од сиромаштија, предизвикан од нестабилните земјоделски приноси, несразмерно ги погодува жените, особено оние кои се економски зависни.

Од аспект на одржливиот развој, вклучувањето на родовата перспектива во локалните климатски политики претставува неопходен предуслов за ефективно и праведно справување со климатските предизвици. За Општина Богданци, ова подразбира развивање на инклузивни политики кои ќе обезбедат еднаков пристап на жените до финансиски инструменти, техничка поддршка, едукативни програми и зелени технологии. Активното учество на жените во процесите на планирање, одлучување и имплементација на мерките за адаптација и ублажување на климатските промени значително ја зголемува отпорноста на целата заедница.

Интеграцијата на родовата еднаквост во стратегиите за климатски промени не претставува само прашање на социјална правда, туку и на економска ефикасност и долгорочна одржливост. Жените, како носители на традиционални знаења, практики и иновативни пристапи во земјоделството и управувањето со ресурсите, можат да имаат клучна улога во транзицијата кон одржливи и климатски отпорни локални системи. Затоа, нивното целосно вклучување е од суштинско значење за постигнување на климатска отпорност и одржлив развој на Општина Богданци.

Со други зборови, потребно е вклучување на жени во изработка на климатски стратегии, советодавни тела, јавни расправи; програми за поддршка на жени земјоделци, зелено претприемништво, енергетски ефикасни домаќинства и др.

Вклучување на жени во едукација за рационално користење на вода, енергетска ефикасност, отпад и др.

5.4. Влијание на климатските ризици врз жените и мажите – родова димензија

Климатските промени не ги погодуваат сите подеднакво. Поради различните социјални улоги, економски позиции, пристап до ресурси и можности за одлучување, жените и мажите различно ги чувствуваат последиците од климатските ризици. Во рурални и полурурални средини, како што е Општина Богданци, овие разлики се особено изразени.

Влијание врз жените

Жените во локалните заедници често имаат централна улога во земјоделството, грижата за домаќинството, обезбедувањето храна и вода, како и грижата за деца, стари и болни лица. Затоа, климатските ризици ги погодуваат на повеќе нивоа:

Суши и недостиг на вода

- Ја зголемуваат физичката и временската оптовареност на жените поради потребата за обезбедување вода за домаќинството и земјоделските активности.
- Го отежнуваат производството на храна за семејството, со што расте ризикот од сиромаштија и несигурност во исхраната.

Намалени земјоделски приноси

- Жените често се ангажирани во мали семејни стопанства, но имаат ограничен пристап до финансии, субвенции, механизација и обуки, што ја намалува нивната способност за прилагодување кон климатските промени.

Топлотни бранови

- Поради домашни и земјоделски активности на отворено, жените се изложени на зголемен здравствен ризик, особено бремените жени, старите лица и оние со хронични заболувања.

Социјални и економски последици

- Климатските шокови може да доведат до зголемена економска зависност, сиромаштија и социјална ранливост на жените.

Влијание врз мажите

Мажите во Општина Богданци во поголем дел се ангажирани во земјоделство, градежништво, транспорт, енергетика и други активности на отворено, што ги изложува на специфични климатски ризици:

Екстремни температури

- Работата на отворено за време на топлотни бранови го зголемува ризикот од топлотен удар, дехидрација и пад на продуктивноста.

Земјоделски загуби

- Сушите и екстремните временски појави директно влијаат врз приходите на семејствата, при што мажите како носители на економската улога чувствуваат зголемен психолошки и социјален притисок.

Зголемен ризик од пожари и екстремни настани

- Мажите се почесто ангажирани во интервенции при пожари, поплави и природни непогоди, што ги изложува на директни безбедносни ризици.

Зошто е важна родовата перспектива во климатските политики?

Интегрирањето на родовата еднаквост во климатските политики овозможува:

- Подобро насочени мерки за прилагодување,

- Поефикасно управување со ризиците,
- Подобра социјална кохезија,
- Еднакви можности за учество и користење на ресурсите,
- Поголема отпорност на локалната заедница кон климатските промени.

6. ВИЗИЈА НА ОПШТИНА БОГДАНЦИ

„Општина Богданци во 2033 година – енергетски ефикасна, инклузивна и родово еднаква општина, која користи обновливи извори на енергија, со развиен еко-рурален и спортски туризам, велосипедски патеки и промоција на еко-културни вредности и зачувување на земјоделските вредности.“

6.1. Конкретни цели за постигнување на визијата

Стратегијата за климатски промени на Општина Богданци има за цел да воспостави сеопфатна, одржлива и инклузивна рамка за ублажување на климатските промени и прилагодување кон нивните последици, преку интегрирање на климатските политики и принципите на родова еднаквост во локалното планирање, донесувањето одлуки и управувањето.

Развојните цели се поделени според вредностите, односно тематските групи кои беа дефинирани од страна на локалното население. Тие следуваат во продолжение:

- Локални земјоделски производи (зеленчук, овошје, цветни насади)

Развојна цел:

Заштита и унапредување на локалното земјоделско производство преку примена на иновативни и климатски паметни практики, со еднаков пристап до ресурси, обуки и поддршка за жените и мажите.

Конкретни цели:

- Конкретна цел 1: Примена на нови технологии за одгледување на зеленчук, преку обуки и поддршка достапни подеднакво за жените и мажите земјоделци.
- Конкретна цел 2: Зголемен тренд на одгледување на зеленчук преку поттикнување на семејни и мали земјоделски стопанства, со посебна поддршка за женското претприемништво во земјоделството.
- Конкретна цел 3: Примена на нови технологии во одгледувањето на овошни и лозови насади со еднаков пристап до финансии, механизација и знаење.
- Конкретна цел 4: Зголемен извоз на свежо овошје преку поддршка на задруги, женски бизниси и мали производители.

- Конкретна цел 5: Подигање на насади со цветни медоносни дрва (багрем, лаванда), како можност за дополнителни приходи и вклучување на жените во зелени економски активности.

- Локалните водни ресурси (вода за пиење, вода за наводнување, привремени водотеци)

Развојна цел:

Одржливо, ефикасно и праведно управување со водните ресурси, со цел обезбедување еднаков и сигурен пристап до вода за сите жители.

Конкретни цели:

- Конкретна цел 1: Одржливо управување со водоснабдителниот систем со вклучување на родовата перспектива при планирањето, управувањето и донесувањето одлуки.
- Конкретна цел 2: Правилен начин и режим на залевање како мерка за заштеда на вода, преку едукација и информирање на земјоделците и домаќинствата од двата пола.
- Конкретна цел 3: Собирање и конзервација на дождовница – квалитетна вода за луѓето и природата, намален ризик од природни несреќи, стабилизирана клима и зајакнат биодиверзитет, со активно учество на жените во локалните иницијативи.

- Енергетските потенцијали во Богданци во функција на енергетската ефикасност

Развојна цел:

Промоција на енергетска ефикасност и обновливи извори на енергија, со еднакво учество и корист за жените и мажите.

Конкретни цели:

- Конкретна цел 1: Намалување на стаклениччките гасови од јавните објекти преку воведување енергетски ефикасни технологии и родово-инклузивни јавни политики.
- Конкретна цел 2: Намалување на сметките за електрична енергија – бенефит за општината и домаќинствата, со посебна поддршка за ранливи категории и жени во социјален ризик.

- Културното и природното наследство и туристички потенцијали

Развојна цел:

Одржлив развој на туризмот и културата преку инклузивни политики што обезбедуваат еднакви можности за жените и мажите.

Конкретни цели:

- Конкретна цел 1: Намалување на културната сиромаштија преку еднаков пристап до културни содржини, настани и образовни програми.
- Конкретна цел 2: Зголемување на туристичките потенцијали преку поттикнување на женското претприемништво, семејни бизниси и локални иницијативи.

7. ПРОЦЕС НА ЗЕЛЕНАТА АГЕНДА

7.1. Методологија на Зелена агенда

7.1.1. Зелена Агенда – Алатка за зачувување на вредностите на заедницата

Зелена Агенда е партиципативен и демократски метод за развивање и имплементирање на локални стратегии и планови за одржлив развој со активно вклучување на различни сектори од локалната заедница каде процесот се спроведува. Процесот е исклучителен и посебен во споредба со другите процеси кои имаат слични цели од три аспекти:

- Процесот започнува со идентификувањето на локалните вредности наспроти проблеми;
- Учеството во процесот не е лимитирано само на експерти и одредени чинители, туку е сеопфатен и отворен за сите; и
- Самиот процес кој е резултат, како и резултатите кои произлегуваат од него се придобивка за локалното население.

Концептот Зелена Агенда за прв пат е развиен во Романија од Milieukontakt International и локалното партнер здружение "Еко Центар". Постигнатиот успех го убеди Mileukontakt дека овој метод е доволно моќна алатка за иницирање позитивни и трајни промени во местото во кое живееме, трансформирајќи го во подобро.

Методот Зелена Агенда, во текот на неколку години, е развиен од Milieukontakt International во различни земји (Романија, Хрватска, Молдавија и Русија, а од скоро почна да се применува и во Албанија, Босна и Херцеговина, Србија, Црна Гора, Косово, Македонија и Киргистан) и е сочинет од 14 чекори поделени низ 5 фази.

Идејата за имплементација на Зелена Агенда потекнува од Локлана агенда 21, која беше глобално преставена на конференцијата на Обединети Нации одржана во Рио Де Женеиро, 1992 година и преку Архуската Конвенција прифатена 1998 година која го гарантира правото за пристап до информации од областа на животната средина, учеството на јавноста во донесување на одлуки за животна средина и пристапот до правда за прашања поврзани со заштитата на животната средина. Сепак Зелена Агенда започнува со локалните природни и културни вредности и се фокусира кон идентификувањето win-win сценарија за локален одржлив развој користејќи ги идентификуваните вредности.

Долгорочните цели на Зелената Агенда се:

- Интегрирање на прашањата за животната средина во сите релевантни процеси на планирање;
- Подигање на нивото на познавање на прашањата од областа на животна средина;
- Подигање на свеста за влијанието на животната средина врз локалниот развој;
- Зголемување на учеството на граѓанскиот сектор во процесите на одлучување во заедницата;

Краткорочни цели на Зелена Агенда се:

- Анализа на разојот на заедницата во контекст на заштита на животната средина;
- Анализа на потенцијалите и ограничувањата на животната средина;
- Креирање на визија и стратешки пристап;
- Иницирање на интерактивни процеси со релевантните чинители и носители на одлуки за развојот на заедницата;

7.1.2. Зелена Агенда - Локални ВРЕДНОСТИ

На самиот почеток од процесот во заедницата, локалните засеганти страни ги идентификуваат вредностите на заедницата. Главната идеја е фокусот да се постави врз нештата на кои локалното население се гордее, наместо да се фокусираат на проблемите. Вредностите кои ги дефинраа работните групи се слични или исти, со вредностите кои беа дефинирани во претходната Стратегија за климатски промени за периодот 2013-2020 година. Локални вредности во Општина Богданци се:

- *Локални земјоделски производи (Зеленчук) - пролетна зелка, домати, краставици (корнишони), пиперка, спанаќ, брокула;*
- *Локални земјоделски производи (Овошје) - лозови насади, цреши, јапонско јаболко, слива, лубеница, диња, калинка;*
- *Локални земјоделски производи (цветни насади);*
- *Водни ресурси - Вода за пиење;*
- *Водни ресурси - Вода за наводнување;*
- *Водни ресурси - Привремени водотеци;*
- *Енергетски потенцијали производна функција (извор на енергија);*
- *Енергетски потенцијали во функција на енергетската ефикасност;*
- *Културно и природно наследство и туристички потенцијали.*

7.1.3. Зелена Агенда – Активно УЧЕСТВО на заедницата

Процесот Зелена Агенда е отворен за сите оние кои пројавуваат интерес, без разлика дали се признаени експерти или не. Веруваме дека секој кој е посветен на својата

заедница може да придонесе кон успешноста на процесот и резултатите од него. Сето ова укажува на посебното внимание кое го посветуваме на градењето на локалните капацитети со цел да се обезбеди локалното население со алатки за активно учество во процесот и во имплементацијата на активностите.

7.1.4. Зелена Агенда - Заедничка СОПСТВЕНОСТ

Откако беа дефинирани приоритетните вредности се формираа и локалните работни групи, при што секоја елабораше по една од вредностите. Групите го анализираа статусот на секоја од вредностите, споредено со состојбата од претходната стратегија, дадоа свои видувања, идеи и проектни активности. Сите овие чекори се преземени од локалното население и се основани врз нивните приоритети, потреби и желби.

Во следната табела е даден преглед на работните групи, односно бројот на учесници и поделбата по родови.

Табела 7. Работни групи и учество на членови во нив

Работна група	Жени	Мажи	Вкупно
Локални земјоделски продукти	4	3	7
Водни ресурси	3	3	6
Енергетски потенцијали	3	4	7
Културно и природно наследство и туристички потенцијали	2	3	5
Вкупно	12	13	25

Терминот Зелена Агенда се користи и за процесот, вклучувајќи ги сите различни групи и сектори од заедницата и за документот кој ги сочинува заклучоците од процесот и идните планови.

Пристапот на Зелена Агенда е бинарен: од една страна, важен е партиципативниот процес преку кој се постигнуваат позитивна комуникација, договори и соработка. Од друга страна, резултатот од процесот е исто така важен: локалниот план за делување, за подобрување на квалитетот на локалниот живот преку одржлив развој и градење на заедници достојни за живеење.


7.1.5. Зелена Агенда – СТРАТЕГИЈА за управување со одржливиот развој на заедницата

Краен резултат е подготовка на стратегиски документ за управување и развој на локалните вредности на заедницата и креирањето на локалната политика за заштита на животната средина, климатски промени и одржлив развој. Процесот содржи неколку чекори водени од главниот принцип – целосно учество на заедницата во

процесот на донесување на одлуки во заедницата. Чекорите беа координирани од локално здружение на граѓани кое работи на полето на животната средина – ПОЛИМАТ 13 од Богданци. Работните групи се сочинети од локалните засегнати страни (локална самоуправа, бизнис сектор, јавни претпријатија, образовни институции, локални здренија на граѓани, млади и жени земјоделки) вклучувајќи ги и граѓаните. Здружението на граѓани ПОЛИМАТ 13 од Богданци и локалните работни групи беа поддржани од експертскиот тим на ЗОР Милиеуконтакт Македонија со постојани обуки, работилници и совети.

7.1.6. Зелена Агенда - Главни ПРИДОБИВКИ

- ✓ Заедницата добива процес кој е воден од локални граѓани кои одлучуваат кои се нивните реални приоритети и кои се најважните вредности во нивната заедница со кои се гордеат;
- ✓ Заедницата добива стратегиски документ со акционен план за заштита, зачувување и унапредување на главните вредности на животната средина и културните вредности на заедницата, кој е во склад со потребите на секоја општина според меѓународните конвенции за одржлив развој и националната законска легислатива за заштита на животната средина и управување со климатските промени;
- ✓ Ќе даде насоки за идниот развој на заедницата и ќе подготвни основи и главни предуслови за привлекување на дополнителни финансиски средства во полето на заштитата на животната средина, зачувување на природата, зачувување и промовирање на културните вредности во заедницата;
- ✓ Ќе овозможи системско интегрирање на климатските политики и мерките за адаптација и ублажување на климатските промени во локалното планирање, со што ќе се зголеми отпорноста на заедницата кон климатските ризици и екстремни временски појави;
- ✓ Ќе придонесе кон унапредување на родовата еднаквост преку активно вклучување на жените и мажите во процесите на планирање, донесување одлуки и имплементација на климатски и еколошки мерки, обезбедувајќи еднаков пристап до ресурси, информации и придобивки;
- ✓ Ќе поттикне создавање на инклузивни, одржливи и праведни локални политики кои истовремено одговараат на климатските предизвици и на социјалните потреби на различните групи во заедницата.



Логичка рамка на чекорите во стратегискиот процес на ЗЕЛЕНА АГЕНДА

7.2. Мапирање на чинителите во заедницата

Мапирањето и идентификување на чинители започнува со промовирањето на проектот за изготвување на Стратегија за климатски промени во општина Богданци за периодот 2026-2033.

Во почетокот преку неформални средби се информирани сите членови кои директно или индиректно се вклучени во активностите на организацијата, понатаму активностите продолжуваат преку директни состаноци, на кои учествуваат следните чинители во заедниците:

- Јавни институции – Градоначалник на општина Богданци, општинска администрација, ООУ „Петар Мусев“, СОУ „Богданци“, ООУ „Св. Кирил и Методиј“ во Стојаково, ЈП „Комунална чистота“.
- Месни заедници – На првичните средби за идејата на проектот, информирани се и претседателите на месните заедници на населените места на општина Богданци.
- Здруженија на граѓани – низ разните мрежи и активности информирани се водачите на повеќе невладини организации, но и здруженија кои се занимаваат со екологија, природа, води, пчеларство, ловџии.
- Бизнис сектор – Со цел запознавање на локалните бизнисмени со проектот, одржани се низа на подготвителни состаноци, при што локалниот координатор ги посети локалните фирми.
- Индивидуални активисти – локалниот координатор по пат на директни контакти со граѓаните и делење на информативен материјал, го запознава локалното население со проектот.

7.3. Вредности во заедницата

За проценка на потребите и интересите на жителите на општината, потребно е да се идентификуваат вредностите со кои локалното население се гордее. При идентификувањето на вредностите во општина Богданци, направена е листа со ресурси кои се присутни на територијата на општината. Опфатени се повеќе области, како водни ресурси, природа и биодиверзитет, земјоделство, култура и туризам.

Изработен е прашалник кој имаше за цел да ги согледа основните познавања за климатските промени и потреби на жителите од Општина Богданци во надминување на последиците од климатските промени на локално ниво. Полимат 13 од Богданци прашалникот го објави на својата веб страна, а исто така го сподели и преку електронски адреси и на социјалните медиуми.

- Прашалникот го одговориле: 45 испитаници, со место на живеење – 37 од Богданци
- Прашалникот го одговориле: 34 жени и 11 мажи

- Возраст: најголем дел од испитаниците се: 31-40 години
- Во однос на образование: 38 со високо образование и 7 со средно образование,
- Во однос на статусот: 37 вработени и 5 невработени лица
- 21 од испитаниците знаат дека постои стратегија за климатски промени на општината, а 24 од испитаниците незнаат
- 7 од испитаниците одговориле дека учествувале во изготвување на претходната стратегија, 14 – Не и 24 од испитаниците не одговориле ништо.
- 26 од испитаниците одговориле дека сакаат да учествуваат во изработка на новата стратегија, а 19 – Не.
- Топ 5 во однос на вредноста „Водни ресурси и биодиверзитет“, испитаниците ги издвоиле: Акумулација Пањурци – 39, Астрагалус, Фригијски изетес – 37, Диверзитет на животни – 31 и Бунари Ѓавато – 31 одговори.
- Во однос на вредноста „Земјоделие и органско производство“, испитаниците се изјасниле: Зеленчук - 41, Овошје – 37, Пчеларство – 26, и Цвеќарство – 22 одговори.
- Во однос на вредноста „Култура и туризам“, испитаниците се изјасниле: Ден на Астрагалусот – 29, Графичка работилница „Софија“ – 29, Археолошки локалитети – 27, и CURCULUM - 17 одговори.
- Во однос на вредноста „Производство и сообраќај“, испитаниците се изјасниле: ПВЦ столарија – 32, Товарен транспорт – 29, Дрвна индустрија – 24, и Винарство – 22 одговори.
- Во однос на Климатските приоритети, испитаниците се изјасниле: Сончева и ветерна енергија – 42, Рециклирање – 30, Обнова на зелени површини – 28, и Чистење депонии – 21 одговори.

8. АНАЛИЗА НА СОСТОЈБАТА СО ВРЕДНОСТИТЕ ВО ЗАЕДНИЦАТА

8.1. Вредност 1: Локални земјоделски производи

Одгледувањето на овошјето и зеленчукот е традиционално во општина Богданци. Вкупна обработлива површина е 3.596 ha, а користено земјоделско земјиште во Богданци е 1254,33 ha.

Во општина Богданци од раноградинарски култури[9] се одгледуваат повеќе видови зеленчук, од кои најзастапени се: зелката со 275 со ha, кромид со 260 ha, домати со 110 ha, компири со 89 ha, пиперки со 56 ha, бостан со 51 ha, краставици со 30 ha.

Од житните култури застапени се: пченица со 438 ha, пченка со 262 ha и јачмен со 395 ha.

Од добиточната храна најзастапена е Луцерка со 335 ha, Крмна пченка со 61 ha, Граор со 21 ha, Добиточен грашок со 20 ha.

Градинарското производство се одвива воглавно на отворено поле и под пластеници, со и без греење.

До деведесетите години земјоделството се сметало како основна дејност и носечки столб на економијата во Богданци.

За поорганизиран развој на земјоделството е изградена браната „Пальурци“. Во такви услови остварено е значително зголемување на вкупното земјоделско производство. Паралелно со ова, остварени се позитивни движења во развојот на преработувачката индустрија и зголемување на површините со житни и градинарски култури, развој на сточарството, зголемување на површините со лозови насади.

Во изминатиот период па се до ден денес настанати се значителни промени во аграрната структура. Производството на градинарски култури, од година во година, бележи пад. Производството на зеленчук се намалува, се намалуваат и површините засадени со овие култури, намалени се и просечните приноси, а производството е економски неисплатливо. Големо влијание има и неповолната хидролошка состојба, намалени врнежи од дожд и снег, појава на суша, а со тоа и намалување на количината на водата и постепено воведување на мерка за ограничување на искористувањето на водата од браната „Пальурци“, појава на болести и намалена обработливост на земјоделските површини. Се почести појави се речиси воопшто да нема врнежи во месеците јуни, јули и август, токму тогаш кога на земјоделските посеви им е најпотребна влага. Сето ова придонесува за намалување на интересот за земјоделие, намалување и исчезнување на одредени земјоделски култури.

Во последните години забележани се нови површини со нови култури со пократко време на вегетација, прилагодени на климатските промени, како што се. брокула, карфиол, марула, модар патлиџан. Секако забележително е воведувањето и на нови култури, кои не спаѓаат во таканаречените „традиционални посеви“, тука ќе ги споменеме: аспарагусот, кинеската зелка и црвена марула.

Земјоделието прераснува во секундарна дејност.

[9] Извор: База на податоци МАКСТАТ, Површини и производство на посеви, по општини, по години. PxWeb

Во 2004 година, Богданци го зафати катастрофална поплава, која остави трага врз квалитетот на почвата, како од педолошки така и од биолошка гледна точка. За таа цел потребни се континуирани лабораториски следења, испитувања и анализи на истата.

За зголемување на производството од голема важност е употребата на контролиран, квалитетен посадочен материјал како и употреба на семиња со задоволувачки процент на ртливост.

Едно од поголемите трошоци за одгледување на раноградинарски производи е загревањето на пластениците, за кои се користи дрвна маса, течни горива, гуми од автомобили и пластика. Од една страна имаме искористување на шумите, а од друга страна дополнително загадување на животната средина со испуштање на штетни гасови.

Во земјоделието имаме негативен тренд во одгледување на зеленчукот, за сметка на тоа кај овошјето имаме тренд на зголемување на површини засеани со лозови насади, јаболка, јапонска јаболка, во исто време и воведување на нови култури кои во моментот се прилагодени на климатските промени: аронија, киви, калинка, лешник, малина и нова сорта на слива.

Обработувањето на почвата е основа за нејзина плодност и квалитет. За жал оваа функција се повеќе и повеќе има негативен тренд. Луѓето се оддалечуваат од земјата од страв да се соочат со климатските промените кои се повидливи и се поприсутни.

Земјоделската дејност има директно влијание на животната средина преку употреба на отпадот од земјоделска дејност. Од досегашните согледувања може да се заклучи дека постои можност за наменско искористување на земјоделскиот отпад.

Климатските промени, глобалното затоплување, зголемени температури, зголемено УВ зрачење, големи температурни разлики и сушите претставуваат стрес тест за земјоделието, за производство на овошје и зеленчук, во исто време се наметнува и потребата за одржување на плодноста на почвата.

Мерките што постојано треба да се превземаат, стручните совети како и користење на нови технологии се гаранција дека полесно ќе може да се справиме и прилагодиме на новонастанатите климатски промени. За да се оствари сето ова потребни се и дополнителни финансиски средства, бидејќи без нив целиот осмислен развој ќе се одвива бавно, а со тоа ќе дојде и до намалување на храната за луѓето и животните.

На следната табела е прикажана анализа на состојбата со вредноста - Локални земјоделски производи.

Табела 8. Карактеристики на функциите на вредноста Локални земјоделски производи

Вредност	Локални земјоделски производи		
Функции	Секундарни функции Земјоделски производи зеленчук	Секундарни функции Земјоделски производи - овошје	Секундарни функции Земјоделски производи - цветни насади
Трендови / Тенденција	Негативен – голема инвестиција (конструкција, пластеник, капка по капка, греење)	Позитивен – подигање на нови овошни и лозови насади	Позитивен – подигање на насади со цветни медоносни дрва (багрем, лаванда)
Показатели / Индикатори	Намалување на површините засадени со зеленчук	Зголемен % ha нови насади од земјоделски фирми Зголемен % ha од индивидуални земјоделци	Зголемен % ha нови насади од земјоделски фирми Зголемен % ha од индивидуални земјоделци
Ефекти / Последици	врз животната средина намалена употреба на пестициди	врз животната средина зголемена апсорпција на CO_2	врз животната средина зголемена апсорпција на CO_2
	врз социјалниот развој намалување на зеленчукови и раноградинарски производи	врз социјалниот развој насочување кон овоштарство и лозарство	врз социјалниот развој насочување кон нови дејности
	врз економскиот развој намалување на приходите од раноградинарски култури	врз економскиот развој нови работни места и приходи	врз економскиот развој нови работни места и приходи
Проблеми	• Висока цена на репроматеријали • Греење на пластеници • Висока цена на вода за наводнување • Недостаток на вода • Користење на вода за наводнување од водовод	• Несоодветни сорти кои не одговараат на почвата и климатските услови • Несоодветни подлоги за калемење • Недостаток на вода од хидросистемот за наводнување	• Несоодветни сорти кои не одговараат на почвата и климатските услови • Несоодветни подлоги за калемење • Недостаток на вода од хидросистемот за наводнување • Зголемено УВ зрачење • Временски непогоди

		• Зголемено УВ зрачење • Временски непогоди	
Причинители	• Финансиска немоќ на земјоделците • Високи трошоци за системи за наводнување (капка по капка, бунари, резервоари) • Висока цена на системите за греење • Наплата на вода по површина • Недоволна примена на современи агротехнички мерки • Ограничен пристап на жените до земјиште, финансии и механизација.	• Недостиг на финансиски средства за подигање нови насади • Долг период на поврат на инвестицијата • Недостиг на стручна поддршка и обуки • Зголемен ризик од климатски штети (мраз, суши, екстремни температури, град) • Недоволно организиран пласман и откуп • Слаба организираност на производителите (задруги, кооперативи) • Недоволен пристап до субвенции и кредитни линии • Недостиг на работна сила, особено во периоди на берба • Ограничен пристап на жените до земјиште, финансии и механизација.	• Недоволна информираност за економскиот потенцијал на медоносните и ароматичните култури • Недостиг на почетен капитал за подигање насади • Недостиг на техничко знаење за одгледување, одржување и преработка • Недостаток на опрема за дестилација, сушење и пакување • Слаб развој на пазарот за етерични масла и медоносни производи • Недоволна поврзаност со пчеларството • Недоволна институционална поддршка • Недоволна препознаеност на овие култури како климатски отпорна алтернатива • Недостаток на организиран откуп и брендирање • Недоволна поддршка за женско претприемништво во одгледување и преработка на ароматични растенија.
Засегнати страни	Земјоделци и жени земјоделки	Земјоделци и жени земјоделки	Земјоделци и жени земјоделки
ЦЕЛИ	• Воведување на системи на греење со пелети и други обновливи извори на енергија, со еднаков пристап до субвенции и техничка поддршка за жените и мажите земјоделци.	• Примена на нови технологии во одгледувањето на овошни и лозови насади со обезбедување еднаков пристап до финансиски инструменти, механизација и знаење.	• Примена на нови технологии во одгледувањето на цветни и медоносни растенија, со посебна поддршка за женското претприемништво и мали семејни бизниси.

	• Едукација на земјоделците за методи и начини на наводнување преку родово инклузивни обуки и демонстративни активности.	• Поттикнување на формирање на земјоделски задруги и кооперативи со рамноправно учество на жените и мажите;	• Поддршка на женско претприемништво во преработка, пакување и пласман на земјоделски и медоносни производи;
ВИЗИЈА	Квалитетен, безбеден, контролиран и сертифициран зеленчук и овошје		

8.2. Вредност 2: Водни ресурси

Врнежите се едни од најбитните климатски параметри покрај температура, атмосферски притисок, ветрови, дефицит на влажност и други фактори – значајни за режимот на водите. Тие се едни од најважните метеоролошки елементи кои ја дефинираат климата и директно влијаат врз водното богатство. На распределбата на врнежите влијаат следните фактори: движење на циклони во зимскиот дел на годината и антициклонални состојби во лето кои предизвикуваат долги и сушни периоди што траат три и повеќе месеци (јули до септември). Карактеристични се и интензивни врнежи што предизвикуваат ерозија на земјиштето и поплави кои нанесуваат значителни оштетување врз градежните објекти и земјоделските култури. Последен пример на разорното дејство на овие врнежи е поплавата од јуни 2004 година. Просечната сума на годишните врнежи изнесува 649,4 mm, измерени во најблиската метеоролошка станица во Гевгелија. Максималната сума на врнежи се достигнува во месеците октомври, ноември и декември.

Најраспространети се лежиштата на подземни води од збиен тип на издан со слободно ниво во алувијално-терасните наслаги на р. Вардар, со дебелина и до 100 m во Ѓавочко поле, со многу добри филтрациони карактеристики. Во оваа лежиште на подземни води постојат повеќе експлоатациони полиња за наводнување на земјоделски површини, водоснабдување на населението и индустријата: Богданци 40 l/s, Бунарскиот систем Ѓавато-1 за спас на Дојранско Езеро 1000 l/s, Бунарскиот Систем Ѓавато-2 (Паљурци) 700 l/s. Заедно со Скопскиот регион ова представува најголемото лежиште на подземни води во рамките на неврзаните алувијални седименти. Во ридскиот дел исто така има високо ново на подземни води и во врнежливиот дел од годината се активираат повеќе извори што ги надополнуваат со вода привремените водотеци.

Привремени водотеци на територијата на општина Богданци се повеќе на број. Вода во поголем дел од привремените водотеци во горниот дел на сливот има од ноември до мај во средно сушни години. Додека во поволни хидролошки години има вода и низ целото течение на водотекот во период од октомври до јуни. Нивното разорно дејство е најизразено при подолги интензивни врнежи што во последно време е зачестена појава. Причините за ова појава се обесшумувањето долж водотекот и нивните сливни површини и неконтролираната урбанизација.

За наводнување на земјоделски површини во општина Богданци се користи водата од акумулацијата Паљурци. Браната Паљурци е изградена 1977 година и се наоѓа на 4 km североисточно од Богданци на река Луда Мара, слив на река Вардар. Браната е изведена како насипна од локален материјал со централно глинено јадро потпрено од обете страни на насипан материјал од чакал. Градежна височина (од темел) на браната е 22.5 m, што според критериумите на ICOLD (International Commission on Large Dams, Итернационална комисија за големи брани) претставува голема брана.

Волуменот на акумулацијата при нормално ниво изнесува 2.9×106 m^3, а корисниот волумен на акумулацијата е 2.6×106 m^3. Акумулациониот простор е доста поволен по однос на стабилност и нема никакви опасности од појава на свлечишта и одрони. Голема вода на реката Луда Мара на местото на профилот на браната пресметана е во износ од 180 m^3/s, што претставува и 1000 годишна голема вода за слив од 63,2 km^2. Преку преливникот се евакуира 160 m^3/s, а 20 m^3/s се ретензира во акумулацијата. Во поплавата од 2004 година беше достигнат овој максимум и преливникот на браната претрпе значителни оштетувања. Во сушни години кога акумулацијата Паљурци не може да ги задоволи потребите за вода, се користи вода за наводнување од Хидросистемот за спасување на Дојранското Езеро „Ѓавато“. За црпење на подземна вода се користи електрична енергија што ја чини оваа вода поскапа за разлика од акумулацијата Паљурци што доаѓа по гравитација. На територијата на општина Богданци се наоѓаат и повеќе мали акумулации. Некои од нив се поврзани со акумулацијата Паљурци (Таљушница, Моторна, и други, тиролскиот зафат на река Габровци), а некои од нив се користеле како поила (Брданка, Камилска). По поплавата од 2004 и несовесното однесување на некои граѓани сите се ставени вон функција. Селемлијската акумулација се наоѓа на Селемлијска река со волумен на акумулацијата од 0.9×106 m^3, но на неа нема организирано наводнување.

Во работната група Водни ресурси спрема методологијата на зелената агенда се идентификуваа три функции на вредноста, од кои две примарни – вода за пиење (бунари за водоснабдување – Ѓавато), вода за наводнување (акумулација Паљурци) и една терциерна/регулаторна функција – привремени водотеци.

На следната табела е прикажана анализа на состојбата со вредноста – Водни ресурси.

Табела 9. Карактеристики на функциите на вредноста Водни ресурси

ВРЕДНОСТ	ВОДНИ РЕСУРСИ		
Функции	Примарни функции Вода за пиење (бунари за водоснабдување – Ѓавото)	Примарни функции Вода за наводнување (акумулација Паљурци)	Терциерни функции Привремени водотеци
Трендови /Тенденција	Негативен - Зголемување на потрошувачката на вода Порастот на населението, земјоделското производство и климатските суши го зголемуваат притисокот врз ресурсите, што особено ги погодува домаќинствата каде жените се главни носители на грижа за водата.	Негативен - Недостиг на вода за наводнување до крајот на сезоната Директно влијае врз економската стабилност на семејствата и го зголемува товарот врз жените вклучени во земјоделството.	Негативен - Неповратно истекување Претставува сериозна загуба на ресурс и финансиски товар за општината и корисниците.
Показатели	• Информации од комунално претпријатие • Недоволната информираност и свест кај корисниците, како и отсуството на родово сензитивни едукативни кампањи, придонесуваат за прекумерна потрошувачка.	• Нерационално и несовесно користење на водата од страна на корисниците • Недоволни количини на вода во сушни години • Посебно ги погодува ранливите категории, самохраните мајки, старите лица и жените во рурални домаќинства.	• Поплави • Претставуваат ризик по безбедноста, здравјето и имотот, со несразмерно поголемо влијание врз жените, децата и старите лица.
Ефекти/Последици	Врз животната средина • Зголемена потрошувачка на ЕЕ • Зголемување на загубите во системот	Врз животната средина • Неконтролирано црпење на вода од индивидуални бунари	Врз животната средина • Разорно дејство • Нарушување на водениот циклус • Нарушен воден баланс, деградација на екосистемите и намалување на биодиверзитетот, што ги намалува природните капацитети за адаптација кон климатските промени.

	Врз социјалниот развој Намален квалитет на живот, зголемен товар врз жените во обезбедување вода, грижа за здравјето и домаќинството, како и зголемена социјална нееднаквост.	Врз социјалниот развој Намален квалитет на живот, зголемен товар врз жените во обезбедување вода, грижа за здравјето и домаќинството, како и зголемена социјална нееднаквост.	Врз социјалниот развој Намален квалитет на живот, зголемен товар врз жените во обезбедување вода, грижа за здравјето и домаќинството, како и зголемена социјална нееднаквост.
	Врз економскиот развој • Зголемена потрошувачка на ЕЕ • Зголемување на загубите во системот • Намалено земјоделско производство, зголемени трошоци за наводнување и енергија, што особено ги погодува малите семејни стопанства и женските бизниси.	Врз економскиот развој • Користење на вода од ХССДЕ • Намалување на квалитетот и количината на производството • Намалено земјоделско производство, зголемени трошоци за наводнување и енергија, што особено ги погодува малите семејни стопанства и женските бизниси.	Врз економскиот развој • Разорно дејство • Намалено земјоделско производство, зголемени трошоци за наводнување и енергија, што особено ги погодува малите семејни стопанства и женските бизниси.
Проблеми	• Нерационално користење на водата за пиење • Нерационално управување со системот • Емисија на стакленички гасови • Недоволната едукација за рационално користење на водата и недостигот од родово чувствителни политики доведуваат до зголемена потрошувачка, финансиски трошоци и опаѓање на водните резерви.	• Нерационално користење на водата за наводнување • Емисија на стакленички гасови • Повисока цена на водата за наводнување • Недоволната едукација за рационално користење на водата и недостигот од родово чувствителни политики доведуваат до зголемена потрошувачка, финансиски трошоци и опаѓање на водните резерви.	• Материјална штета • Ерозија • Неспособност за задржување на дождовницата • Недоволната едукација за рационално користење на водата и непознавање на можноста за собирање на дождовница како ресурс за наводнување на градини, полевање на дворови и сл.
Причинители	• Голема потрошувачка по жител • Наводнување на земјоделски површини со вода за пиење	• Време и количество на вода за наводнување • Метод на наводнување	• Нерегулирани водотеци и сливни подрачја • Обесшумување • Урбанизација

	• Неинформираност за последиците од недостаток на вода • Стара и дотраена водоводна мрежа во некои населени места	• Загуби во системот • Поголема потрошувачка на ЕЕ	• Климатските промени, амортизираната инфраструктура, недоволната информираност и слабата институционална поддршка, како и ограниченият пристап на жените до ресурси и обуки.
Засегнати страни	Сите жители на општината, при што жените, децата, старите лица и земјоделските семејства претставуваат најранливи категории.	Земјоделци	Сите жители на општината, при што жените, децата, старите лица и земјоделските семејства претставуваат најранливи категории.
ЦЕЛИ	Конкретни цели • Одржливо управување со водоснабдителниот систем • Воспоставување родово инклузивен систем за управување со водоснабдувањето, со активно учество на жените во процесите на одлучување.	Конкретни цели • Правилен начин и режим на наводнување како мерка за заштеда на вода • Едукација и поддршка на земјоделците и домаќинствата од двата пола за рационално користење на водата.	Конкретни цели • Собирање и конзервација на дождовница - квалитетна вода за луѓето и природата, намален ризик од природни несреќи, стабилизирана клима, зајакнат биодиверзитет. • Поттикнување локални иницијативи со активно учество на жените за собирање дождовница и адаптација кон климатските промени.
ВИЗИЈА	Искористување на секоја капка вода преку одржливо, праведно и родово инклузивно управување со водните ресурси.		

8.3. Вредност 3: Енергетски потенцијали

Ограничените домашни енергетски ресурси и високата зависност од увоз на енергија наметнуваат јасна потреба за промена на пристапот кон задоволување на енергетските потреби, особено на локално ниво. Во тој контекст, современите политики сè повеќе се насочуваат кон два клучни приоритети: зголемување на производството на енергија од обновливи извори и системска примена на мерки за подобрување на енергетската ефикасност. Овие пристапи претставуваат долгорочни, одржливи решенија кои истовремено придонесуваат за намалување на трошоците, заштита на животната средина и ублажување на климатските промени.

Со таа цел, работната група ангажирана во рамки на проектот за изработка на општински стратегии за климатски промени, ја дефинираше вредноста „Енергетски потенцијали“ како стратешки приоритет, со фокус на промоција, иницирање и размена на добри практики за користење на обновливите извори на енергија и унапредување на енергетската ефикасност. Преку ваквиот пристап се создаваат услови за заедничко учење, јакнење на капацитетите на локалните чинители и градење одржлив систем за справување со климатските ризици.

Општина Богданци располага со значајни природни ресурси, особено во делот на сончевата и ветерната енергија, кои сè уште не се целосно искористени. Иако моменталното локално производство на електрична енергија од обновливи извори е ограничено, во последните години се забележува позитивна динамика во оваа област. Реализацијата на проектот за ветерниот парк „Богданци“ претставува значаен чекор напред, со што општината се позиционира како активен учесник во процесите на енергетска транзиција и борбата против климатските промени, не само на локално, туку и на регионално и пошироко ниво.

Покрај тоа, сè поизразен е трендот на инсталирање на соларни термални системи за подготовка на топла вода во домаќинствата, што придонесува за намалување на потрошувачката на електрична енергија и зајакнување на индивидуалната енергетска самостојност. Ваквите иницијативи имаат значајна улога во подигнување на јавната свест за важноста на обновливите извори и создавање навики за рационално користење на енергијата, што во наредниот плански период може да резултира со значително зголемување на локалното производство на зелена енергија.

Енергетската ефикасност, од друга страна, претставува поле во кое локалната самоуправа има клучна улога. Анализите на податоците од системот за следење на енергетската потрошувачка во јавните објекти укажуваат на значителен потенцијал за остварување енергетски и финансиски заштеди. Примената на мерки за подобрување на енергетската ефикасност во училиштата, административните згради и другите јавни установи овозможува брз повратна инвестициите, додека

истовремено придонесува за намалување на емисиите на стакленѝчки гасови и подобрување на условите за работа и престој.

Дополнително, модернизацијата на системот за улично осветлување со енергетски ефикасни технологии, како и воведувањето мерки за заштеда на енергија во домаќинствата, создаваат позитивни ефекти врз локалната економија, животната средина и квалитетот на живот. Овие активности водат кон создавање поздрава животна средина, намалување на трошоците за енергија и зголемување на отпорноста на заедницата кон климатските предизвици.

Во овој контекст, се издвојуваат три основни функции на вредноста „Енергетски потенцијали“: производната функција, која се однесува на локалното производство на енергија од обновливи извори; регулаторната функција, насочена кон подобрување на енергетската ефикасност; и еколошката функција, која има за цел заштита на животната средина и намалување на негативните влијанија од климатските промени.

Клучната стратешка цел во овој плански период е целосна интеграција на обновливите извори на енергија и мерките за енергетска ефикасност во локалниот развој, со што тие ќе прераснат во значајна компаративна предност на општината. Преку подигање на јавната свест, едукација на населението и промоција на одржливи практики, се создава основа за долгорочен развој, подобрена животна средина и зголемен интерес од инвеститори насочени кон зелени и одржливи дејности.

На следната табела е прикажана анализа на состојбата со вредноста – Енергетски потенцијали.

Табела 10. Карактеристики на функциите на вредноста Енергетски потенцијали

ВРЕДНОСТ	Енергетски потенцијали		
Функции	Примарна функција Производна функција (извор на енергија) • Локално производство на електрична и топлинска енергија од обновливи извори (ветер, сонце, биомаса). • Намалување на зависноста од увозна енергија и зајакнување на локалната енергетска стабилност. • Создавање нови зелени работни места, со еднаков пристап за жени и мажи.	Секундарна функција Еколошка функција (еко енергија) • Намалување на загадувањето на воздухот и емисиите на стакленички гасови. • Подобрување на јавното здравје и квалитетот на живот. • Поттикнување на еколошка свест и одговорно однесување кај сите граѓани, со посебен фокус на младите и жените.	Терциерна функција Во функција на енергетската ефикасност • Намалување на енергетската потрошувачка во јавните објекти и домаќинствата. • Подобрување на термичкиот комфор и условите за работа и престој. • Намалување на енергетската сиромаштија, особено кај ранливи групи и жени во социјален ризик.
Трендови / Тенденција	Позитивен • Зголемување на инвестициите во ветерна и сончева енергија. • Пораст на индивидуални иницијативи за инсталирање соларни системи. • Сè поголем интерес кај младите и жените за енергетско претприемништво.	Позитивен • Раст на јавната свест за климатските промени. • Поголема вклученост на граѓаните во еколошки кампањи. • Зголемено учество на жените во локални еколошки иницијативи.	Позитивен • Континуирана модернизација на јавните објекти. • Замена на класичното со штедливо ЛЕД осветлување. • Зголемен интерес за енергетски ефикасни решенија во домаќинствата.
Показатели	• Проекти за нови фотоволтаични капацитети. • Број на домаќинства со соларни системи.	• Намалени концентрации на CO_2. • Подобрен квалитет на воздух. • Зголемена еколошка писменост кај младите и жените.	• Намалена потрошувачка на енергија во јавните објекти. • Намалени сметки за струја.

	• Вклученост на жени во зелени енергетски бизниси.		• Подобрен комфор во објекти каде престојуваат деца, жени и стари лица.
Ефекти/Последици	• Намалување на емисијата на стакленички гасови • Нови инвестиции и зелени работни места	• Намалување на емисијата на стакленички гасови • Почиста животна средина.	• Намалување на емисијата на стакленички гасови • Здраво население, развивање на соодветни стандарди и методологии
	• Зголемен интерес за изучување на техничките и природните науки кои се во корелација со ОИЕ и производство на енергија кај младата популација	• Чиста и здрава животна средина и зголемен квалитет на животот • Намалени здравствени ризици.	• Значителни финансиски заштеди. • Подобра социјална сигурност.
	• Локален економски развој. • Подобри можности за вработување на жени во технички и управувачки позиции.	• Остварување на поволни услови за влез на инвеститори кои се бават со органско производство • Подобрен квалитет на живот, особено за децата и старите лица.	• Големи енергетски и финансиски заштеди, економичност во производството, продолжување на работниот век на опремата и подобрување на режимот на одржување • Намалување на енергетската сиромаштија кај ранливи домаќинства, особено кај самохрани мајки.
Проблеми	• Недоволен пристап до финансии и субвенции.	• Ниско ниво на свест за заштита на животната средина • Недоволна информираност и едукација • Ограничен пристап на жените до инвестиции, обуки и техничка поддршка.	• Енергетски не ефикасни објекти • Недоволна вклученост на граѓаните во процесите на планирање
Причинители	• Високи почетни инвестиции.	• Недоволно развиени локални финансиски механизми.	• Ограничен пристап до современи технологии.

		• Недостаток на родово чувствителни политики и програми.	
Засегнати страни	Граѓаните на Општина Богданци, со посебен фокус на: жени, млади, ранливи домаќинства, земјоделци и мали бизниси.	Граѓаните на Општина Богданци, со посебен фокус на: жени, млади, ранливи домаќинства, земјоделци и мали бизниси.	Граѓаните на Општина Богданци, со посебен фокус на: жени, млади, ранливи домаќинства, земјоделци и мали бизниси.
ЦЕЛИ	• Искористување на потенцијалите на ОИЕ во јавниот сектори. • Вклучување на родово-инклузивни критериуми при инвестиции и јавни набавки.	• Едукација, промоција и кампањи за справување со КП и искористување на ОИЕ и ЕЕ. • Развој на родово чувствителни едукативни програми за климатски промени и енергетска ефикасност.	• Намалување на стакленичките гасови во јавните објекти. • Системска примена на ЕЕ мерки со посебна грижа за објектите кои ги користат деца, жени и стари лица.
ВИЗИЈА	Општина Богданци – енергетски независна, климатски отпорна и родово инклузивна општина, со сопствено производство на енергија од обновливи извори, високо ниво на енергетска ефикасност, чиста животна средина и еднакви можности за сите граѓани.		

8.4. Вредност 4: Природно и културно наследство и туристички потенцијали

Општина Богданци располага со богато природно и културно-историско наследство, кое претставува значаен потенцијал за развој на одржлив туризам. Природните ресурси, поволната клима, традиционалниот начин на живот, локалната гастрономија и културните манифестации создаваат добра основа за развој на еко, рурален, културен, вински и рекреативен туризам.

Сепак, туристичката понуда е недоволно структурирана, инфраструктурата е ограничена, а промоцијата недоволна. Дополнително, родовата перспектива сè уште не е системски интегрирана, што го ограничува целосното искористување на човечкиот потенцијал, особено кај жените и младите.

Природното и културно-историско наследство и туристичките потенцијали има економска, културна, едукативна-еколошка и социјална и родова функција.

Економска функција: Развој на локалната економија преку туризам, отворање нови работни места и поддршка на малите бизниси, со посебен фокус на женското претприемништво.

Културно-идентитетска функција: Заштита и промоција на локалната традиција, обичаи, културни вредности и занаетчиство.

Едукативно-еколошка функција: Подигнување на свеста за заштита на животната средина и културното наследство, едукација на локалното население и посетителите.

Социјална и родова функција: Поттикнување на еднакви можности, активно учество на жените и младите и зајакнување на социјалната кохезија.

Во однос на туризмот се забележува растечки интерес за алтернативни форми на туризам, особено еко и рурален туризам, како и зголемена побарувачка за локални, органски и традиционални производи. Сè поголем број жени се вклучуваат во семејни туристички бизниси, производство на храна, занаетчиство и услуги, што придонесува за економска диверзификација и родова еднаквост.

На следната табела е прикажана анализа на состојбата со вредноста – природно и културно-историско наследство и туристичките потенцијали.

Табела 11. Карактеристики на функциите на вредноста природно и културно-историско наследство и туристичките потенцијали

ВРЕДНОСТ	Енергетски потенцијали		
Функции	Примарна функција туристичка и економска функција – генерирање приходи, локален развој и вработување.	Секундарна функција културно-идентитетска функција – зачувување на традицијата, културата и локалниот идентитет.	Терциерна функција еколошко-едукативна и социјална функција – подигнување на свеста, едукација, социјална кохезија и еднакви можности за жени и мажи.
Трендови / Тенденција	Позитивен Пораст на интерес за еко, рурален и културен туризам; зголемена побарувачка за автентични локални производи; зголемено учество на жени во мали туристички бизниси; тренд на дигитална промоција на туристички понуди.	Позитивен Пораст на интерес за еко, рурален и културен туризам; зголемена побарувачка за автентични локални производи; зголемено учество на жени во мали туристички бизниси; тренд на дигитална промоција на туристички понуди.	Позитивен Пораст на интерес за еко, рурален и културен туризам; зголемена побарувачка за автентични локални производи; зголемено учество на жени во мали туристички бизниси; тренд на дигитална промоција на туристички понуди.
Показатели	• број на туристички посети; • број на регистрирани сместувачки капацитети; • број на нови туристички производи и услуги.	• број на културни и туристички манифестации;	• учество на жени во туристичкиот сектор;
Ефекти/Последици	• зголемување на локалната економска активност; • зголемена економска автономија на жените	• отворање нови работни места;	• подобрување на квалитетот на живот; • зајакнување на локалниот идентитет;
Проблеми	• недоволна туристичка инфраструктура; • ограничени финансиски средства	• недоволна промоција на културното наследство; • недоволна едукација;	• слаба вмреженост на локалните чинители; • ограничен пристап на жените до инвестиции и поддршка.

Причинители	• недостаток на стратешко планирање; • недоволна меѓусекторска соработка;	• ограничени буџетски средства за промоција на културното наследство и културните манифестации;	• недоволна применување на родово чувствителна политика.
Засегнати страни	Локално население, туристи, угостители, занаетчии, земјоделци, културни институции, млади, жени, ранливи категории.	Локално население, културни институции, млади, жени, ранливи категории.	Локално население, туристи, угостители, занаетчии, земјоделци, млади, жени, ранливи категории.
ЦЕЛИ	• Развој на одржлив и инклузивен туризам; • зголемување на учеството на жените во туристичкиот сектор	• заштита и валоризација на природното и културното наследство;	• зајакнување на локалната економија; • промоција на родова еднаквост.
ВИЗИЈА	Препознатлива туристичка дестинација со одржливо управување со природното и културното наследство, развиен локален туризам и еднакви можности за сите.		

9. АНАЛИЗА НА РЕАЛИЗИРАНИ МЕРКИ ОД ПРЕТХОДНАТА СТРАТЕГИЈА

Целта на анализата на реализираните мерки од претходната стратегија е да се изврши оцена на степенот на имплементација, ефективноста, одржливоста и влијанието на спроведените активности, со цел:

- да се идентификуваат успешните практики и позитивните искуства кои треба да се продолжат, надградат и мултиплицираат;
- да се утврдат слабостите, ограничувањата и пречките во спроведувањето на одредени мерки, со цел нивно надминување во идниот плански период;
- да се процени степенот на постигнување на поставените цели и индикатори, како и реалното влијание врз заштитата на животната средина, климатската отпорност и локалниот развој;
- да се анализира степенот на вклучување на граѓаните и примената на родовата перспектива, особено во однос на еднаков пристап, учество и корист за жените и мажите.

Оваа анализа претставува основа за креирање на реалистични, приоритетни и ефективни идни мерки, овозможувајќи подобро планирање, рационално користење на ресурсите и зголемување на целокупната климатска и социјална отпорност на Општина Богданци.

Вредност: Локални земјоделски производи (Зеленчук)			
Конкретна Цел бр. 1: Примена на нови технологии за одгледување на зеленчук			
Приоритет	Активности	Реализирана	Дали да остане во новата Стратегија
Лабораторија за поддршка на земјоделство	Обезбедување на стручен кадар	НЕ	НЕ
	Обезбедување просторија за лабараторијата	НЕ	НЕ
	Подготовка и уредување на просторијата по дадени стандарди	НЕ	НЕ
	Набавка на опрема за лабараторијата	НЕ	НЕ
	Организирање на трибини за запознавање на земјоделците за работата на лабараторијата	НЕ	НЕ
Обновливи извори на енергија - Систем за греење во пластениците	Трибина со земјоделците за запознавање со начинот на добивање на пелетите	ДА	ДА
	Обука за искористување на ОИЕ	ДА	ДА

Примена на нови технологии за заштита на земјоделски посеви од УВ зрачење	Организирање на анкета колку земјоделците се запознаени со примена на калциум карбонатот	ДА
	Информирање на земјоделците за учество на трибините	ДА
	Организирање на трибини од стручни лица	ДА
	Организирање на посета на стручно лице на посевите за практичната примена на калциум карбонатот	НЕ
	Развивање програми за менторство и поддршка на жени и млади во земјоделството.	НЕ

Лабораторија за поддршка на земјоделство – е одлучено дека нема потреба да остане во новата Стратегија, бидејќи општината нема капацитети, нити административни, нити финансиски за реализирање на една таква активност. Едногласно беше одлучено дека треба да се направи соработка со Универзитетот Гоце Делчев од Штип и Центгарот за развој на Југоисточниот плански регион, да се размисли за воспоставување на една централна лабораторија на пр. во Струмица која ќе може да анализира повеќе параметри.

Обновливи извори на енергија - Систем за греење во пластениците – иако оваа активност е спроведена и се одржани трибини со земјоделците за запознавање со начинот на добивање на пелетите и обука за искористување на ОИЕ, членовите на работната група рекоа дека потребно е и во новата стратегија да остане како приоритет на кој континуирано ќе се работи.

Примена на нови технологии за заштита на земјоделски посеви од УВ зрачење – оваа активност делумно е реализирана, но членовите на работната група одлучија да остане со мали модификации и предлог за нови агро-технички мерки и современи технологии.

Вредност: Локални земјоделски производи (Овошје)			
Конкретна Цел бр. 2: Примена на нови технологии во одгледувањето на овошни и лозови насади			
Приоритет	Активности	Реализирана	Дали да остане во новата Стратегија
Лабораторија за испитување на почвата	Обезбедување на стручен кадар	НЕ	НЕ
	Обезбедување просторија за лабораторијата	НЕ	НЕ
	Подготовка и уредување на просторијата по дадени стандарди	НЕ	НЕ
	Набавка на опрема за лабораторијата	НЕ	НЕ

	Организирање на трибини за запознавање на земјоделците за работата на лабораторијата	НЕ	НЕ
Систем за искористување на отпад од овошни и лозови насади за производство на пелети	Трибина со земјоделците за искористување на отпадот од лозовите насади за правење на пелети	ДА	ДА
	Обезбедување на простор и технички помагала	ДА	ДА
	Покани до земјоделците за учество на трибината	НЕ	НЕ
	Набавка на опрема за правење на пелети	НЕ	ДА
	Обука на земјоделците за искористување и поставување на систем за греење со палети во земјоделското производство (стручно лице)	НЕ	ДА
	Изградба на Компостара	НЕ	ДА
Примена на нови начини на кроење на лозовите и овошните насади	Обука на стручен кадар за нови начини на кроење на лозовите и овошните насади	НЕ	ДА
	Трибини со земјоделците за запознавање со новиот начин на кроење	НЕ	ДА
	Посета на стручни лица од земјата и странство за практично запознавање на земјоделците со новиот начин на кроење на лозовите и овошните насади	НЕ	ДА
	Делење на стручна литература (брошури) за новиот начин на кроење на лозови и овошни насади	НЕ	ДА

Лабораторија за поддршка на земјоделство – е одлучено дека нема потреба да остане во новата Стратегија, бидејќи општината нема капацитети, нити административни, нити финансиски за реализирање на една таква активност. Едногласно беше одлучено дека треба да се направи соработка со Универзитетот Гоце Делчев од Штип и Центарот за развој на Југоисточниот плански регион, да се размисли за воспоставување на една централна лабораторија на пр. во Струмица која ќе може да анализира повеќе параметри.

Систем за искористување на отпад од овошни и лозови насади за производство на пелети – активностите: набавка на опрема за правење на пелети; обука на земјоделците за искористување и поставување на систем за греење со палети во земјоделското производство (стручно лице); изградба на компостара не се реализирани, но ќе бидат земени предвид и во новата Стратегија.

Примена на нови начини на кроење на лозовите и овошните насади - активностите: обука на стручен кадар за нови начини на кроење на лозовите и овошните насади; трибини со земјоделците за запознавање со новиот начин на кроење; посета на стручни лица од земјата и странство за практично запознавање на земјоделците со новиот начин на кроење на лозовите и овошните насади; делење на стручна литература (брошури) за новиот начин на кроење на лозови и овошни насади не се реализирани, но ќе бидат земени предвид и во новата Стратегија.

Вредност: Водни ресурси - Вода за пиење			
Цел: Одржливо управување со водоснабдителниот систем			
Приоритет	Активности	Реализирана	Дали да остане во новата Стратегија
Изградба на нов резервоар	Физибилити студија, Проектна документација, Тендерска документација, Оцена на влијанието врз животната средина, Изведба	ДА	НЕ
Поставување на секторски вентили, регулациони и мерни инструменти на водоводна мрежа	Физибилити студија, Проектна документација, Тендерска документација, Набавка и монтажа	ДА/НЕ	НЕ
Пумпи на сончева и/или ветерна енергија на Ѓавато	Физибилити студија, Проектна документација, Тендерска документација, Оцена на влијанието врз животната средина, Изведба	НЕ	ДА

Изградба на нов резервоар – изграден е нов резервоар со капацитет 500 m^3 кој е изграден во 2016 во рамки на проектот УСАИД за општински стратегии за климатски промени.

Поставување на секторски вентили, регулациони и мерни инструменти на водоводна мрежа – за еден дел од општината, односно во некои населени места се поставени секторски вентили, регулациони и мерни инструменти на водоводна мрежа.

Пумпи на сончева и/или ветерна енергија на Ѓавато – овој приоритет не е реализиран во претходната стратегија и членовите на работната група одлучија дека е потребно да остане и во новата стратегија.

Вредност: Водни ресурси - Вода за наводнување			
Цел: Правилен начин и режим на залевање како мерка за заштеда на вода			
Приоритет	Активности	Реализирана	Дали да остане во новата Стратегија
Технологија за правилно определување на	Физибилити студија, Тендерска документација, Набавка, Обука	НЕ	НЕ

времето и количеството на вода за залевање			
Обновување на малите акумулации за заштита од поројни дождови (чистење, одржување)	Физибилити студија, Проектна документација, Тендерска документација, Оцена на влијанието врз животната средина, Изведба	НЕ	ДА
Поставување на мерни инструменти на терцијалната мрежа	Физибилити студија, Проектна документација, Тендерска документација, Набавка и монтажа	ДА/НЕ	ДА

Приоритетот Технологија за правилно определување на времето и количеството на вода за залевање - не е реализиран во претходната Стратегија, а според членовите на работната група не треба да остане во новата Стратегија.

Приоритетот Обновување на малите акумулации за заштита од поројни дождови (чистење, одржување) - не е реализиран во претходната Стратегија, а треба да биде дел од новата Стратегија.

Приоритетот Поставување на мерни инструменти на терцијалната мрежа - делумно е реализиран, и секако треба да се продолжи со поставување на мерни инструменти и во наредниот период.

Вредност: Водни ресурси - Привремени водотеци			
Цел: Собирање и конзервација на дождовница - квалитетна вода за луѓето и природата, намален ризик од природни несреќи, стабилизирана клима та, зајакнат биодиверзитет			
Приоритет	Активности	Реализирана	Дали да остане во новата Стратегија
Пошумување и уредување на сливните површини на привремените водотеци како мерка за задржување на дождовницата (за 100 ha)	Физибилити студија, Проектна документација, Тендерска документација, Оцена на влијанието врз животната средина, Изведба	НЕ	ДА
Уредување на коритата на привремените водотеци	Физибилити студија, Проектна документација, Тендерска документација, Оцена на влијанието врз животната средина, Изведба	ДА/НЕ	ДА
Зголемување на зелените површини во урбаните средини со изградба на одржливи системи за задржување на дождовница и заштита од поплави	Физибилити студија, Проектна документација, Тендерска документација, Оцена на влијанието врз животната средина, Изведба	НЕ	ДА

Приоритетот Пошумување и уредување на сливните површини на привремените водотеци како мерка за задржување на дождовницата (за 100 ha) – односно активностите кои се предвидени во него, не се реализирани во претходната Стратегија, но според членовите на работната група, е од голема важност и ќе остане приоритет за реализирање и во новата Стратегија.

Приоритетот Уредување на коритата на привремените водотеци - односно активностите кои се предвидени во него делумно се реализирани, но останува како приоритет за реализирање и во новата Стратегија.

Приоритетот - Зголемување на зелените површини во урбаните средини со изградба на одржливи системи за задржување на дождовница и заштита од поплави - односно активностите кои се предвидени во него, не се реализирани во претходната Стратегија, но според членовите на работната група, е од голема важност и ќе остане приоритет за реализирање и во новата Стратегија.

Вредност: Енергетски потенцијали производна функција (извор на енергија)			
Цел: Искористување на потенцијалите на ОИЕ во јавниот сектор			
Приоритет	Активности	Реализирана	Дали да остане во новата Стратегија
Поставување на комбиниран систем за греење и ладење со користење на алтернативни извори на енергија за ЈОУДК Бранд Петрушев	Спецификација, Тендерска документација, Изведба	ДА/НЕ	ДА

Приоритетот - Поставување на комбиниран систем за греење и ладење со користење на алтернативни извори на енергија за ЈОУДК Бранд Петрушев – делумно е реализиран, односно има направено спецификација и проктна документација, но работите не се реализирани, па според тоа ќе остане како приоритет и во новата Стратегија со цел негова комплетна реализација.

Вредност: Енергетски потенцијали во функција на енергетската ефикасност			
Цел: Намалување на стакленичките гасови од јавните објекти			
Приоритет	Активности	Реализирана	Дали да остане во новата Стратегија
Замена на фасада, под, прозорци и врати со нови во објектот на ЈОУДК Бранд Петрушев	Техничка документација, Тендерска документација, Елаборат за оценка на влијанието врз ж.с. одобрен од надлежен орган, Изведба, Ревизија	ДА. Во 2015 г	НЕ

Реконструкција на кров на ОУ Петар Мусев	Техничка документација, Тендерска документација, Елаборат за оценка на влијанието врз ж.с. одобрен од надлежен орган, Изведба, Ревизија	ДА/НЕ	ДА

Приоритетот - Замена на фасада, под, прозорци и врати со нови во објектот на ЈОУДК Бранд Петрушев – е реализиран, па според тоа нема да остане во новата Стратегија.

Приоритетот - Реконструкција на кров на ОУ Петар Мусев – делумно е реализиран, односно има направено спецификација и проектна документација, но работите не се реализирани, па според тоа ќе остане како приоритет и во новата Стратегија со цел негова комплетна реализација.

10. АКЦИСКИ ПЛАН

10.1. Локални земјоделски производи (Зеленчук)

Вредност: Локални земјоделски производи (Зеленчук) – Пролетна зелка, домати, краставици (корнишони), пиперка, спанаќ, брокула											
Развојна цел: Заштита и унапредување на локалното земјоделско производство преку примена на иновативни и климатски паметни практики, со еднаков пристап до ресурси, обуки и поддршка за жените и мажите.											
Конкретна Цел бр. 1: Примена на нови технологии за одгледување на зеленчук, преку обуки и поддршка достапни за жените и мажите земјоделци											
Приоритет	Активности	Временска рамка								Буџет	Извори на финансирање
		2026	2027	2028	2029	2030	2031	2032	2033		
Обновливи извори на енергија – Систем за греење во пластениците	• Трибина со земјоделците за запознавање со начинот на добивање на пелетите									30.000,00	• Општина Богданци • НВОи
	• Обука за искористување на ОИЕ									30.000,00	• Општина Богданци
Унапредување на отпорноста на земјоделското производство кон климатските стресови преку примена на современи и климатски паметни технологии.	Воведување заштитни агротехнички мерки • Инсталирање заштитни мрежи, конструкции и покрии за намалување на изложеноста на екстремно сончево зрачење и високи температури. • Примена на биостимулатори и еколошки препарати за подобрување на отпорноста на растенијата кон стрес									60.000,00	• Општина Богданци • МЗШВ • Проекти
	Примена на климатски паметни технологии • Воведување автоматизирани системи за наводнување со									60.000,00	• Општина Богданци • МЗШВ • Проекти

	сензори за влажност и температура. • Користење дигитални алатки и апликации за следење на климатските услови и оптимизација на земјоделските практики.		
	Едукација и обуки за земјоделците • Организирање обуки за адаптација кон климатските промени и користење нови технологии. • Специјализирани програми за јакнење на капацитетите на жени земјоделки и млади земјоделци.	30.000,00	• Општина Богданци • Проекти • НВОи
	Финансиска и техничка поддршка • Обезбедување субвенции, грантови и микрокредити за набавка на современа опрема. • Поттикнување здружување во задруги и кооперативи за заедничка набавка на опрема.	60.000,00	• Општина Богданци • МЗШВ • Проекти
	Демонстрациски и пилот проекти • Формирање демонстративни парцели за тестирање на нови технологии. • Размена на искуства и добри практики со други општини и земјоделски центри.	60.000,00	• Општина Богданци • МЗШВ • Проекти
Заштеда на ресурси и намалување на влијанието на климатските промени	• Инсталирање фотоволтаични системи и пумпи на обновлива енергија.	120.000,00	• Општина Богданци

	• Користење на биолошки ѓубрива и средства за заштита на растенијата.	60.000,00	• Општина Богданци • Проекти
	• Развивање системи за рециклирање и повторна употреба на вода за наводнување.	180.000,00	• Општина Богданци • Проекти
Јакнење на локалната инфраструктура и поддршка за пласман	• Формирање мрежа на производители за заеднички настап на пазар.	30.000,00	• Општина Богданци • Проекти
	• Промоција на локални производи со ознака за еко-производство.	60.000,00	• Општина Богданци • МЗШВ • Проекти
Примена на родово одговорно буџетирање и инклузивен пристап	• Обезбедување еднаков пристап до ресурси, обуки и финансирање за жени и млади земјоделци.	30.000,00	• Општина Богданци • Проекти
	• Вклучување на родовите аспекти во сите мерки и програми за поддршка.	30.000,00	• Општина Богданци • Проекти • НВОи
	• Развивање програми за менторство и поддршка на жени и млади во земјоделството.	30.000,00	• Општина Богданци • Проекти • НВОи

Вредност: Локални земјоделски производи (Зеленчук) - Пролетна зелка, домати, краставици (корнишони), пиперка, спанаќ, брокула
Развојна цел:

Заштита и унапредување на локалното земјоделско производство преку примена на иновативни и климатски паметни практики, со еднаков пристап до ресурси, обуки и поддршка за жените и мажите.											
Конкретна Цел бр. 2: Зголемен тренд на одгледување на зеленчук преку поттикнување на семејни и мали земјоделски стопанства, со посебна поддршка за женското претприемништво во земјоделството.											
